

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2025

ТАРГЕТ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

2020 година

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ... 4
II. МЕТОДОЛОГИЈА ... 5
III. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА ... 7
Општи податоци за општина Крива Паланка ... 7
Патна инфраструктура ... 8
Електронска комуникација ... 8
Релјеф ... 8
Клима ... 9
Хидрографија ... 9
Растителен свет ... 9
Животински свет ... 10
Лов ... 10
Минерали и Руди ... 11
Животна средина ... 11
Население и миграции ... 12
Јазик ... 12
Историја ... 12
Легенди ... 13
Образование и Култура ... 14
IV. АНАЛИЗА НА ТРЕНДОВИ ... 15
Туристички трендови ... 15
Последни трендови во туризмот на европско ниво ... 18
Трендови во туризмот во 2020 година ... 19
Анализа на состојбта на туризмот во Република Северна Македонија ... 21
SWOT Анализа ... 27
PEST Анализа ... 29
V. ПРОФИЛ НА ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР ... 30
Правна рамка со правна регулатива, односно закони за туристичко работење ... 30
Институционални капацитети за туризам ... 31
VI. МАПИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКТИВНОСТИ И ЗОНИ ... 32

Природни атрактивности .......................................................................... 32
Антропогени атрактивности.......................................................................... 39
Културно-историски споменици .................................................................. 41
Традиционални културни настани и манифестации.................................. 51
Угостителски капацитети .......................................................................... 56
Спортски капацитети.................................................................................. 58
Туристички зони .......................................................................................... 58
VII. ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПРЕДЛОГ ТУРИСТИЧКИ ПАКЕТИ .......................................................................................... 62
VIII. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА .......................................................................................... 68
Визија .......................................................................................................... 68
Стратешки цели .......................................................................................... 69
Мисија .......................................................................................................... 72
Акционен план за период 2020-2025 .......................................................... 72
IX. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ...................................................................... 74
X.КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА......................................................................... 76

*Листа на табели*

*Табела бр.1 Туристи во РСМ, по региони, по години* 22
*Табела бр.2 Ноќевање на туристи, по региони, по години* 22
*Табела бр.3 Капацитети за сместување, по региони, по години* 23
*Табела бр.4 Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2017* 23
*Табела бр.5 Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2018* 24
*Табела бр.6 Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2019* 25
*Табела бр.7 Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2017* 26
*Табела бр.8 Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2018* 26
*Табела бр. 9 Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2019* 27
*Табела бр.10 Свот анализа* 28
*Табела бр.11 Пест анализа* 29
*Табела бр. 12 Календар на традиционални културни настани и манифестации* 56
*Табела бр. 13– Туристички зони и локалитети* 59
*Табела бр.14 Степен на приоритет за развој на различните форми на туризам* 62
*Табела бр.15 Стратешки цели, активности и проекти* 70
*Табела бр.16 Акционен план за период 2020-2025* 72

*Листа на слики*

*Слика бр. 1 Осоговски планини* 33
*Слика бр.2 Калин Камен* 34
*Слика бр.3 Царев врв* 35
*Слика бр. 4 Врв "Руен"* 35
*Слика бр.5 Станечки водопади* 38
*Слика бр.6 Археолошки локалитет Градиште* 40
*Слика бр.7 Манастир „Св. Јоаким Осоговски"* 41
*Слика бр.8 Црква „Св.Димитриј"* 42
*Слика бр.9 Испосница на Свети Јоаким Осоговски* 43
*Слика бр.10 Испосница на Свети Јоаким Осоговски* 44
*Слика бр.11 Црква "Св.Никола"', с.Градец* 45
*Слика бр.12 Црква „Свети Никола"* 45
*Слика бр.13 Црква „Свети Никола ", с.Трново* 46
*Слика бр.14 Црква „Св.Теодор Тирон ", с.Конопница* 47
*Слика бр.15 Градски Музеј - Крива Паланка* 48

# I. ВОВЕД

Градот Крива Паланка се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија и е седиште на општина Крива Паланка која има скоро 20,000 жители.

Градот се наоѓа во близина на националниот граничен премин Деве Баир со Република Бугарија, кој се смета за главен граничен премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија затоа што ги поврзува престолнините Скопје со Софија.

Името градот го добил по кривото корито на реката Крива и е еден од најмладите градови во Република Северна Македонија. Го населил османлискиот везир Бајрам Паша и првично служел како тврдина за зајакнување на тој регион.

Поинтензивен економски раст е забележан по Втората светска војна, кога градот територијално се шири и развива. Тоа претставува доволен фактор за пораст на населението од 2,000 жители во 1950 година до 12,000 жители во 2002 година.

Манастирот Свети Јоаким Осоговски, еден од најсветите објекти во Република Северна Македонија, се наоѓа на 3 км северо-источно од Крива Паланка, на падините на Осоговските планини.

## *II. МЕТОДОЛОГИЈА*

Според потребните сегменти кои треба да ги опфати оваа Стратегија за развој на туризмот во општина Крива Паланка, тимот на Таргет Комуникации ја подели оваа методологија во седум основни фази.

### *Прва Фаза*

Во првата фаза беше опфатена дијагностика на моменталната ситуација на туризмот и утврдување на можностите и потенцијалите кои ги нуди територијата на општина Крива Паланка за развој на туризмот. За таа цел беше одржан состанок со претставници од општината. На состанокот беше посочена моменталната состојба на туризмот во општината и беа разработени постоечките природни убавини како потенцијални туристички локалитети, кои ќе претставуват појдовна основа за формирање на стратешки цели. Се изврши и посета на клучните локации.

### *Втора фаза*

Во втората фаза детално се разработени податоците за моменталната состојба на туризмот во Република Северна Македонија, Североисточниот плански регион и општината Крива Паланка, односно

- бројот на туристи, ноќевања и капацитети за сместување,
- број на туристи и ноќевања по земја на припадност,
- објекти за сместување и видови туристички места кои даваат информации за бројот на посетеност во Република Северна Македонија,
- тип на локации, како туристички развиени места кои се најпосетувани,
- кои сместувачки објекти се најкористени;
- Бројот на туристи,
- ноќевања од страна на домашните и странски туристи,
- како и број на туристи и ноќевања по земја на припадност.

Податоците беа превземени од web страната на Државен завод за статистика на РСМ.

### *Трета фаза*

Во третата фаза беше анализирана законската регулатива за туризам. Исто така беше направена анализа на постоечките локални, регионални, национални и меѓународни релевантни стратешки документи.

***Четврта фаза***

Во оваа фаза следи анализа на сите фактори кои ја сочинуваат внатрешната околина на општина Крива Паланка (SWOT анализа). Овде се истакнати сите силни и слаби страни на општината од аспект на развој на туризмот, можностите кои треба да се искористат како и заканите од други надворешни фактори. SWOT анализата ќе овозможи обезбедување на развој на туризмот, со цел успешна организација и промоција. Исто така беше направена и PEST анализа со цел утврдување на надворешните фактори на влијание.

***Пета фаза***

Во петата фаза врз база на претходно собраните и добиените податоци и заклучоци од анализите се премина на пишување на еден драфт стратешки документ, во кој беа дефинирани стратешките цели односно дефинирање мисија и визија и определување целни пазари кои ќе бидат таргетирани со имплементација на акциониот план.

***Шеста фаза***

Шестата фаза ја опфати работилницата која се одржа во општина Крива Паланка. На работилницата беа поканети сите засегнати страни и од тимот на Таргет комуникации им беше презентирана драфт верзијата на стратегијата за развој на туризмот во општина Крива Паланка. Сите засегнати страни ги искажаа своите ставови во врска со туризмот во општина Крива Паланка. Беа посочени силните страни и можности за туризмот, но и слабостите и заканите со кои се соочува туризмот во општина Крива Паланка. По завршената работилница беа имплементирани забелешките, сугестиите и предлозите кои беа посочени на работилницата.

***Седма фаза***

Седмата, односно последна фаза од концептот за изработка на стратегијата за развој на туризмот ја опфати финализацијата на стратегијата за развој на туризмот во општина Крива Паланка и акциониот план.

## III. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

### Општи податоци за општина Крива Паланка

Градот Крива Паланка се наоѓа во Североисточниот регион на Република Северна Македонија, под падините на Осоговските планини и е седиште на Општината Крива Паланка која бележи скоро 20.000 жители.

Градот се наоѓа во близина на националниот граничен премин Деве Баир со Република Бугарија кој се смета за главен граничен премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија затоа што ги поврзува главните градови Скопје и Софија.

Името градот го добил по кривото корито на реката Крива и е еден од најмладите градови во Република Северна Македонија. Го населил османлискиот везир Бајрам Паша и првично служел како тврдина за зајакнување на тој регион.

Општината го зафаќа североисточното подрачје од Република Македонија, простирајќи се на средна надморска височина од 400 метри (Славишко Поле) до 2252 метри (врвот Руен) на Осоговските Планини. Крива Паланка е град кој лежи на устието на две реки: Крива и Дурачка, кои извираат високо во Осоговските планини во југоисточниот дел од општината.

Општина Крива Паланка се протега на површина од 480,81 $км^2$ на која се наоѓаат повеќе населени места - градот Крива Паланка и селата Б’с, Баштево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Т’лминци, Трново и Узем.

Во овие граници таа зафаќа површина од 480,81 километар квадратен, а според податоците од пописот на населението спроведен во 2002 година општината брои 20.820 жители.

Општината Крива Паланка е збратимена со повеќе странски градови: Дупница, Република Бугарија; Вршац, Република Србија; Млава, Полска; Самбревил, Кралство Белгија; Банско, Република Бугарија; Лугож, Романија; Свидник, Словачка; Перечин, Украина; Грос Цимерн, Германија и Жупања, Хрватска.

## *Патна инфраструктура*

Општината Крива Паланка се наоѓа во североисточниот предел на Република Северна Македонија и е оддалечена 98км од Скопје и 80км од аеродромот во близина на Скопје „Меѓународен аеродром Скопје”. Крива Паланка е директно лоцирана на коридорот Е8, поточно меѓународниот патен правец М2 према Република Бугарија на североисток и на север спрема Република Србија. На југ се поврзува со Кратово и преку Кратово со источниот регион на Република Северна Македонија. Преку граничниот премин Деве Баир на североисток се поврзува со Ќустендил во Република Бугарија и софискиот аеродром ‘’Софиа Интернационален аеродром’’ на само 140км. Крива Паланка од Куманово е оддалечена 62 км, на исток се граничи со општина Ранковце, додека на југ со општините Кратово, Кочани и Македонска Каменица.

## *Електронска комуникација*

Телекомуникациската инфраструктура во Крива Паланка е современа, како меѓуграничен град има добра поврзаност со останатите градови од Република Северна Македонија, така и со странство. Крива Паланка располага и со современа пошта која им стои на располагање на граѓаните и туристите за извршување на сите поштенски обврски.

## *Релјеф*

Градот Крива Паланка е лоциран во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија пред самата граница со Република Бугарија, во областа Славиште, под падините на Осоговските планини. Претставува единствената градска населба во Славиште и има голема улога во локално средиште и е административен центар на педесетина населени места во овој регион.

Од вкупното земјиште во Општината 31% е обработливо и има големи природни предуслови и потенцијали за профитабилни вложувања во оваа гранка. Вкупно обработливо земјиште во Општината е 14906,8 хектари од кои:

- Ниви (ораници) – 11881,5 хектари (24,7%)
- Градини (градинарски култури) – 45,9 хектари (0,09%)
- Овоштарници – 630,9 хектари (1,31%)
- Лозја – 53,6 хектари (0,11%)
- Ливади – 2294 хектари (4,77%).

## *Клима*

Градот Крива Паланка има умерено-континентална клима со умерено топло лето и умерено ладен зимски период, свежа пролет и релативно топла есен, што се должи на географската локација и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејското Море преку Крива Река. Високите делови на Осоговијата се под влијание на степската клима. Просечната годишна температура изнесува 10,2°C. Во текот на годината најтопол месец е јули со просечна температура од 20,0°C. Најстуден месец е јануари со просечна температура од -0,3 °C. Спротивно со областите што го опкружуваат градот, Крива Паланка има значителни врнежи, ова се должи на апсолутно големата висина која претставува природен кондензатор за водената пареа, што ја носат западните и јужните ветрови. Периодот на првиот снежен покривач во оваа област е 30 ноември. Крива Паланка се наоѓа на 400 метри надморска височина па се до врвовите Руен и Царев Врв кої се простираат од над 1700 метри надморска височина до 2252 метри надморска височина. Средните годишни температури таму се доста ниски и затоа врвовите Руен и Царев Врв се под снежна покривка од октомври па до почетокот на јуни. На Руен снежната покривка се задржува и во јули.

## *Хидрографија*

Осоговскиот предел е богат со извори, потоци и реки. Ова се должи на релативно големата надморска височина и геолошкиот состав. Регионот се карактеризира со бројни плитки реки и мали притоки. Најпознати се Крива Река и Дурачка Река. Крива Река извира во подножјето на Царев Врв, од силен извор на надморска височина од околу 1.800 метри. Вкупната должина на коритото на Крива Река изнесува 69 километри. Во центарот на градот ја прима својата најголема притока, Дурачка Река. Дурачка Река ја прават три помали реки: Станечка, Козја и Дурачка. Вкупната должина на реката е 15км. На подрачјето на општините досега се изградени две акумулации и тоа акумулацијата Базјачко Брдо со 14,100м$^3$ вода и акумулацијата Влашки Колиби со 6.200м$^3$ вода, лоцирани на Калин Камен на надморска висина од 1.590 метри надморска височина.

## *Растителен свет*

Осоговската област има значително богат растителен свет. Големите височински разлики овозможиле формирање на четири растителни појаси. Првиот појас на нископланински пасишта или нископланински тревен појас започнува од јужната рамка на Славишката Котлина и се протега до 750 метри надморска висина. На овој појас природно му припаѓа и градот Крива Паланка. Во пониските негов дел застапени се капините и трњето, а во повисокиот закржлавени грмушки од габер, смрека и прнар. Од културните растенија се застапени само овошните дрвја.

Вториот појас е со дабова шума. Тој допира со горна граница до 1200 метри. Во него се појавува и ситна шума. Крупни шумски растенија во овој појас се дабјето: горун, благун и др. Тревните површини во него ги сочинуваат: троскотот, млечката, луцерката, власината и до горната граница на дабовиот појас воедно е и горна граница на пченицата, модрите сливи, оревите и тополите. Третиот појас го сочинува буковата шума која започнува од околу 1000-1200 метри, а се протега до 1500, односно 1700 метри надморска височина. Во овој појас се присутни и тревни пасишта. Од културните растенија таму се застапени компирот, ‘ржта, овесот, јачменот, а од овошните дрвја сливите џанки. Четвртиот високотревен појас се простира веднаш над буковата шума, поточно веднаш над третиот појас опфаќајќи ги највисоките делови на Осоговските планини околу врвовите Руен и Царев Врв. Флората таму ја сочинуваат таканаречените „исконски треви “, која е примарна зона на пасиште со можности за сточарство, а особено овчарство. Вакви се пасиштата кај Божидарица, Тураница, Средно Брдо, Калин Камен и Слана Бара.

Шумите претставуваат еден од најзначајните природни потенцијали на општината Крива Паланка. Шумите учествуваат со 36,47% од вкупната површина на Општината. Под шума се наоѓаат 17527,5 хектари што изнесува 0,54% од шумите во државата. Под високи шуми се наоѓа околу 60% од вкупната површина под шуми, а остатокот е под ниски шуми. Најзастапена е буковата шума која се протега на надморска височина од 700 до 1200 метри. Според сопственоста на земјиштето околу 60% од шумите се во државна сопственост, а 40% во приватна сопственост. Со државните шуми стопанисува ЈП „Македонски шуми “– подружница ШС „Осогово“ Крива Паланка.

### *Животински свет*

Животинскиот свет на Осоговските Планини во главно го сочинуваат: волкот, лисицата, зајакот, срната, дивата свиња, ежот, желката. Послабо се застапени: јазовецот, белката (куната) и видрата. Од влечугите застепени се гуштерите и змиите (водни и копнени). Од птиците застапени се сојката, славејот, врапчето, кукавицата, утката, гарванот, а на повисоките врвови и јастребот, соколот и орелот.

### *Лов*

Крива Паланка е богата со шуми и животински свет, кои што ги привлекуваат сите љубители на ловот. Новоизградената ‘’Ловечка куќа’’ која нуди и сместувачки капацитет за љубителите на ловот и планинарењето претставува и една почетна точка од која се поаѓа до Царев врв. Планинската патека е долга 25км во еден правец и се потребни околу 5 часа за искачување до врвот. Бидејќи патеката започнува на околу 1400 метри надморска височина и води до Царев врв, кој се наоѓа на 2076 метри надморска височина овој појас изобилува со дабова и букова шума во која живеат волкот, лисицата, зајакот, срната и дивата свиња како најпривлечни за ловџиите, но истовремено планинарите може да наидат на ежови,

желки, змии и гуштери. Природата во овие предели истотака изобилува и со разновидни овошја како модри сливи, диви сливи(џанки), ореви, малини, капини, боровинки, потоа разни видови на печурки (тополи), од зеленчуци се среќава компирот, од житни растенија се среќава јачменот и ‘ржот кои се од поголемо значење за земјоделството во тој предел. Од Царев врв кој е на 2076 метри надморска височина може да се забележат и јастребот, соколот и орелот кои го красат овој крај.

## *Минерали и Руди*

Осоговскиот планински предел е еден од позначајните рударски области во Република Северна Македонија. Во регионот на општината Крива Паланка се наоѓаат повеќе рудни наоѓалишта на метали (олово, цинк, антимон, бакар, сребро, злато и др.) како и на неметали (бентонитски глини, туфови, кварц, дијатомејска земја и др.). Металните рудни наоѓалишта се лоцирани претежно во осоговскиот планински масив, поточно во рамките на металогенетската зона Бесна Кобила-Осогово-Таос. Лежиште со најголем рударски потенцијал е лежиштето на оловно-цинкови рудни резерви.

Рудникот за олово и цинк „Тораница“ се наоѓа во североисточниот дел на Република Северна Македонија на падините на планината Осогово близу бугарската граница оддалечен 18км од Крива Паланка, а 120км од Скопје. Рудникот „Тораница“ е со капацитет од 700 000 тони/год. ровна руда. Рудата од лежиштето „Тораница“ се појавува во три текстурни типа. Чиста руда со застапеност од 51%, масивна руда 29% и инпрегрирана руда 20%. Рудникот со полн капацитет работи од 2017 година.

Рудникот и флотација „Крстов Дол“ се наоѓаат на околу 20 километри оддалеченост од Крива Паланка. Во флотацијата Крстов Дол е преработувана руда на антимон. Покрај ова е преработувана и молибденова руда донесена од Турција и извесна количина на руда на антимон од рудното лежиште „Алшар “– Кавадарци со висок процент на арсен. Рудникот е затворен.

## *Животна средина*

Градот Крива Паланка и околниот регион го сочинуваат природните убавини како планините и чистиот планински воздух и бистрите води на реките. Загадувањето не го надминува дозволениот праг и е предизвикано главно од индивидуално греење на домаќинствата и од издувните гасови на моторни возила. Меѓутоа, постои загадување на водотеците со цврст отпад, како и на отпадните води од домаќинствата и фармите. Бидејќи руралните области најчесто се ретко населени, нелегалните депонии, како извори на загадување на реките, се далеку

помалку отколку што може да се очекува како резултат на нерегулираното отстранување на отпадот.

Сериозна опасност за животната средина се шумски пожари, кои се чести во текот на летните месеци и предизвикуваат голема материјална штета во регионот.

Во општина Бујановац и други локации во српскиот дел на регионот, сè уште има некои локации кои се загадени со осиромашена муниција за ураниум што се користеше за време на бомбардирањето на НАТО во 1999 година.

Во овој регион нема прекугранични договори во врска со заштитата на животната средина, природните ресурси и екосистемите.

### *Население и миграции*

Според пописот направен во 2002 година вкупниот број на население во Крива Паланка изнесува 20,820 жители, вкупен број на домакинства (вклучувајќи ги и колективните) изнесува 6,600, бројот на станови (сите видови на живеалишта) изнесува 9,448. Нема точни податоци за вкупен број на миграции (иселеници) од Крива Паланка, но бројот значително е намален за време на првата и втората светска војна како и за време на Карпошовото востание кое играло голема улога во североисточниот предел на Република Северна  Македонија.

### *Јазик*

Во општината Крива Паланка официјален јазик на зборување е македонскиот јазик, кој го зборуваат скоро 20.000 жители, но покрај македонскиот, 662 жители зборуваат на ромски јазик, 8 жители зборуваат турски, 97 зборуваат српски и по 1 жител зборува влашки и бошњачки, додека пак 42 жители се изјасниле дека зборуваат нешто останато.

### *Историја*

Градот Крива Паланка е основан во 1633 година од Бајрам Паша, везир на султанот Мурат I-ви. Евлија Челебија во својот Патопис од 1661 година ја опишува Крива Паланка како град со околу 800 домаќинства. Во 1689 година во североисточниот дел на Македонија избувнува Карпошовото востание. Луѓето од овој регион земаат активно учество во Илинденското востание кое започнува на 2 август 1903 година, но поради големата концентрација на турските сили востаничкото движење е во поограничен размер. По ослободувањето од Турците во 1912 година, регионот е под српска власт до 1915 година, а потоа под бугарска до 1918. Во 1918 година, Крива Паланка станува дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Во периодот помеѓу двете светски војни поради лошите

економски и социјални услови се бележи масовна миграција на населението. Во овој период Крива Паланка ги добива првите доктори на наука, браќата Борис и Димитар Арсови кои докторираат на Сорбона.

Во текот на II Светска Војна луѓето од овој крај земаат активно учество во борбата против фашизмот. По ослободувањето (8-ми октомври 1994 година) и создавањето на македонска република во склоп на Југославија, започнува нов период во развојот. Изградени се голем број на културни институции како градска библиотека, кино, дом на културата, медицински центар, школи, фабрики, рудници итн.

## *Легенди*

Името на градот Крива Паланка доаѓа од кривото корито на реката Крива. Поранешното име на градот било Егри Дере, што на турски јазик значи „крива река“. Покасно, зборот „Паланка “го заменил турскиот збор „Дере “. Една од многуте легенди за Крива Паланка потекнува од изреката ‘’од тд и од овд’’. Станува збор за Герман планина и масивот Биљино кои делат два предела каде што на источниот дел се јаде грав и се пие вода, бидејќи масивот Биљино има плодна почва и реки, а од другата страна поточно јужната страна планината Герман се јаде месо бидејќи пределот е богат со животински свет.

Со добиениот ферман (одобрение) за изградба на градска црква во 1833 година кривопаланчани добиле невозможни услови за изградба на истата. Првиот услов бил црквата да не биде поголема од “Биволска кожа”, а вториот услов бил црквата да биде вкопана односно да се влегува по скалила. Ктиторот Ереј Давид, синот на Јоаким Крчоски не се обесхрабрил од овие услови и мудро ја исекол кожата во форма на конец кој ги опфаќал димензиите на изградената црква, а го испочитувал само вториот услов во црквата да се влегува по скалила. Ереј Давид бил осуден и заробен во Скопје, а услов за да излезе на слобода бил да направи добро дело од општа полза за градот. На сон му се јавил Св. Јоаким Осоговски и го поучил што да направи. Условот го исполнил со тоа што на негова иницијатива и план бил изграден канал со проточна вода ( така наречена “вада” ) кој постои и ден денес, со која вода се наводнувале градините и  се одржувала хигиената долж левиот брег на Дурачка река (притока на Крива река). Денес долж “вадата” е изградена трим патека.

Четворицата духовни браќа, светите Јован Рилски, Прохор Пчински, Гаврил Лесновски и Јоаким Осоговски 30 години имале подвиг кон Бога во една пештера во Лесново. По некое време тие решиле да се раздвојат на четири различни страни од светот и да изградат манастири. Свети Јоаким Осоговски тргнал во правец накај Осоговието, прва попатна станица му бил Градец, кнежевско место на 7 километри западно од Крива Паланка. Таму нашол некоја мала пештера каде во пост и молитва секојдневно низ плач и солзи му се молел на Бога, меѓутоа после кратко

време таму поминал воен поход и светецот бил вознемируван. Тој, за да најде решение, од една височинка го фрлил својот стап во небеса и се помолил на Бога да му одреди мирно место за неговиот подвиг. Стапот паднал во месноста “Бабин дол” каде тој си пронашол пештера и мир, каде подоцна се упокоил. По негова желба Кривопаланчани на едно возвишение над пештерата изградиле манастир кој го посветиле на заштитникот на Крива Паланка и Кривопаланечко. Манастирот го нарекле Свети Јоаким Осоговски.

## *Образование и Култура*

Во општина Крива Паланка има 2 основни училишта ООУ„Јоаким Крчовски“ кое има 9 подрачни училишта и тоа: ПУ во с.Дурачка Река, с.Станци, с.Луке, с.Огут, с.Нерав, с.Подржикоњ, с.Дубровница, с.Узем и с.Жидилово и ООУ „Илинден “со подрачните училишта во с.Конопница, Мождивњак I и Мождивњак II. Општина Крива Паланка располага и со едно средно училиште СОУ „Ѓорче Петров “.

Стручното образование опфаќа:

*Машинска струка*

- машински техничар – четиригодишно
- автомеханичар – тригодишно
- угостителско-туристичка струка
- готвач/келнер – тригодишно

*Електротехничка струка*

- електротехничар за компјутерска техника и автоматика - четиригодишно образование.

Општината Крива Паланка располага и со општинска јавна установа детска градинка „Детелинка “во која се згрижени 320 деца распоредени во 16 групи од кои 6 групи се во полудневен престој, 2 групи се во целодневен престој, 5 групи се класична градинка, 1 комбинирана група и 2 групи јасли. Проектираниот капацитет на градинката е 340 деца. Меѓу горенаведените образовни институции општината Крива Паланка располага и со домот за ученици “Боро Менков”.

## IV. АНАЛИЗА НА ТРЕНДОВИ

### *Туристички трендови*

Глобалниот туризам сега има стабилен раст за повеќе од шест децении, со порастот на глобализацијата и технолошкиот напредок што доведува до поевтини авионски карти и им олеснува на луѓето да ги планираат и резервираат своите патувања. Во текот на овој период на одржлив раст, туризмот покажа значителна издржливост пред различните предизвици. Само во последната деценија тие се движат од долготрајните влијанија на глобалната економска криза, геополитичката несигурност, бројните терористички напади до природни катастрофи и други природни непогоди. Овој тренд се очекува да продолжи со предвидувања за меѓународни пристигнувања зголемени во просек за 3,3% годишно до 2030 година. Туризмот е многу значаен извор на вработувања. Секторот нуди силен потенцијал за поддршка на раст на работни позиции. Создава работни места за луѓе од различни возрасти и нивоа на вештини и обезбедува можности за влез на пазарот на трудот, стекнување искуство, развивање вештини, напредување и подобро платени работни места. Иднината на туризмот и натаму ќе биде под влијание на низа тековни и нови економски, социјални, политички, еколошки и технолошки промени, со појава на нови и често невидени предизвици, закани и можности. Исто така, инвестициите и финансирањето се суштинска компонента на предизвикот за пренасочување кон одржлив развој на туризмот.

Во денешниот свет постојат повеќе видови на туризам како: рурален туризам, еко туризам, спортски туризам, планински туризам, алтернативен туризам, религиозен туризам, бизнис туризам, културен туризам и сл. Често, современиот патник сам ја креира сопствената туристичка понуда користејќи ги модерните комуникациски средства и социјални мрежи. Поради тоа туристичката понуда не може да се ограничи само на еден вид на туристичка понуда туку за развивање на туризмот во едно место мора да се понудат повеќе атракции, активности, да се искористат повеќе културни и гастрономски опции, да се развијат повеќе туристички места, локации и ресурси. Успешниот туризам зависи од обезбедување туристички производи и дестинации кои обезбедуваат атрактивни, стимулативни и задоволувачки искуства во согласност со трендовите на пазарот и очекувањата на посетителите. Исто така, се потпира на нивната ефективна и ефикасна промоција. Земјите се вклучени во многу активности за да ги идентификуваат потребите на воспоставените и новите изворни пазари, да ги идентификуваат и развијат туристичките понуди базирани на специфични теми и искуства и да водат ефикасни и креативни маркетинг кампањи. Посебно внимание, од страна на многу земји, е нагласено во потребата од зголемување на конкурентноста преку уникатноста на понудата и решавање на сезонството и развивање на повеќе понуди за различни периоди од годината. Стратегиското внимание што се посветува на

дигитализацијата, исто така, игра силна улога во спроведувањето на тактичките дејства кои се спроведуваат.

Некои од глобалните трендови кои се развиваат и ќе продолжат да се развиваат се:

***Развој на побарувачката на посетители***

Во текот на следните неколку децении, структурата на економијата на посетителите ќе се развива како што се зголемуваат приходите и нивото на образование, родовите нерамнотежи, глобалното население кое продолжува да старее и појавувањето на нови групи на потрошувачи. Во комбинација, овие фактори ќе влијаат на склоноста за патување и очекувањата на патниците. Дополнително, важноста на новите генерации дополнително ќе ги надмине сегашните размислувања кои го поттикнуваат туристичкиот пазар. Токму Millennials и Generation Z ќе станат клучни сили во мобилноста и нивното патување би можело да доведе до значителни промени во туристичкиот пазар.

***Одржлив раст на туризмот***

Туризмот е нашироко признаен како економска активност која зависи од природните ресурси, а во исто време придонесува за осиромашување на истите. Меѓусебната поврзаност на туризмот со овие ресурси може да биде директна или индиректна иако сите туристички активности се локални, тие се додаваат на феномени од глобално значење. Во исто време, сепак, туризмот може да ја подигне свеста за културните и еколошките вредности, да помогне во финансирањето на заштитата и управувањето со заштитените подрачја и да ја зголеми нивната економска вредност и важност.

***Овозможувања на технологиите***

Новите технологии продолжуваат да ги редефинираат пазарите и секторите ширум светот. Долгогодишните модели на туризам во области како што се сместување или туристички агенции ќе продолжат радикално да се преобликуваат, при што повеќе патници ќе се поврзуваат директно преку технолошка платформа со давател на услуги, наместо да се занимаваат со професионален туристички агент.

***Мобилност на патување***

Транспортот е суштинска компонента во туризмот и игра клучна улога во ефикасното движење на туристите од местото на живеење до нивната крајна дестинација. Транспортот ги поврзува пазарите на туристичките дестинации и го

олеснува внатрешното движење на посетителите и може да биде главен елемент на атрактивноста или искуството. Локацијата, капацитетот, ефикасноста и поврзаноста на транспортот можат да играат значајна улога во тоа како дестинацијата физички се развива, влијае врз мобилноста на посетителите и поврзувањето на туристичките искуства во дестинациите.

Примарни фактори кои влијаат при изборот на дестинацијата се:

***Промоција на дестинацијата***. Колку повеќе е промовирана дестинацијата, толку поголема е заинтересираноста за таа да биде посетена. Промоциите на атрактивните дестинации се најмногу застапени на социјалните мрежи, бидејќи најголем дел од целните групи се активни токму таму. Под промоција на дестинација се подразбира и таканаречената word of mouth маркетинг алатка, која има голема улога во одлуката на потенцијалните туристи која дестинација да ја посетат. Оваа маркетинг алатка најчесто се спроведува преку коментари, односно преку искажаното задоволство/незадоволство на туристите кои веќе ја посетиле дестинацијата, нивните очекувања и препораки, како и автентичноста на дестинацијата. Промоција на дестинацијата се врши и преку соработки со тур оператори, како и со посета на саеми и конференции.

***Цена на пакет услуга.*** Под цена на пакет услуга се подразбира колку вкупно би чинела посетата на посакуваната дестинација. Во зависност од тоа дали потенцијалниот турист би ја посетил дестинацијата самостојно или преку организирана тридневна или четиридневна тура. Цената при посета на едно атрактивно место вклучува транспорт, сместување, угостителски услуги, влезници и останати дополнителни трошоци. Многу често посетителите прават проценка откако ќе ја посетат дестинацијата. Нивните искуства се засноваат на споредбата помеѓу цената што ја платиле и услугата што ја добиле.

***Квалитет на услуга***. Квалитетот на услугата е многу значаен фактор. Секој посетител бара квалитет на услугата и најчесто квалитетот се мери со она што е понудено пред да биде посетена дестинацијата и она што ќе се добие за време на престојот, односно очекуваното наспрема добиеното. Тоа е во соодност со претходниот фактор, односно цената на пакет услугата во споредба со очекуваната услуга.

### *Последни трендови во туризмот на европско ниво*

Според анализа на светскиот совет за патување и туризам (WTTC -World Travel and Tourism Council) во 2019 година, во секторот туризам е забележан раст од 3,5%, со што е надминат растот на глобалната економија од 2,5%. Во последните девет години секторот туризам се развива со побрзо темпо во споредба со глобалната економија. Во текот на изминатите пет години, секторот туризам создава едно од четири нови работни места, што го прави секторот туризам најдобар партнер за владите за генерирање на вработување.

Според кварталниот извештај "Европски туризам: трендови и можности" прв квартал во 2020 (European tourism: trends & prospects Q12020)**,** изготвен од Европска комисија за патување (European Travel Commission), во 2019 година патувањето до европските дестинации за туризам се зголемиле за околу 4,1%, и покрај предизвикувачкиот надворешен живот и забавување на глобалниот економски развој. Сите, освен три дестинации, бележат пораст. Во 2019 година, Црна Гора била најбрзорастечката европска дестинација, илустрирајќи ги придобивките што треба да се добијат преку развој на туристичката индустрија на една земја. Спротивно на тоа, Исланд доживува рекорден пад на пристигнувањата, по падот на Wow Air иако продолжува да се бори да ги задржи импресивните стапки на раст постигнати од 2011 година. Преку ноќ се зголеми многу маргинално.

Според истиот извештај се прогнозира дека во 2020 година во однос на претходната, падот на европскиот туризам е во согласност со светските проекции (-39%). Кризата поради КОВИД-19 ќе чини милиони работни места и ќе има поголемо влијание врз малите и средните претпријатија во Европа. Во услови на високо ниво на неизвесност, проценувајќи ги последиците од пандемијата ќе зависи од неговата еволуција и (протоколите за социјално растојание) од должината на домашните и меѓународни забрани за патувања. Иако закрепнувањето се предвидува да започне на почетокот на 2021 година, враќањето до нивото пред кризата не се очекува до 2023 година и ќе ја одразува економската виталност на различните пазари.

Најновите прогнози во економијата за туризам укажуваат дека глобалните меѓународни пристигнувања во 2020 година ќе бидат околу 39% пониски отколку во 2019 година, заради појавата на КОВИД 19. Тоа е еквивалент на 577 милиони помалку патувања. Патувањето во Европа се очекува да биде 39% пониско во 2020 година во однос на 2019 година.

Во Извештајот "Трендови и политики 2020 во туризмот" (OECD Tourism trends and policies 2020), се посочуваат следните клучни фактори во креирање на политиките за развој на туризмот:

- Да се залага за интегрирани и прогресивни политики во областа на туризмот;
- Да се работи на подготовка на туризмот за дигиталната иднина;
- Осмислување на туризмот како успех за одржлив развој.

Туризмот е важен двигател на економскиот раст, на глобално и локално ниво. Во просек, секторот директно придонесува 4,4% од БДП, 6,9% од вработеноста и 21,5% од извозот на услуги во земјите на ОЕЦД и растот продолжува да обезбедува реални изгледи за одржлив и инклузивен развој. Како и да е, интегрирано и со поглед напред потребни се политики за да се обезбеди дека овој развој подобро ќе дава бенефиции за луѓето, местата и деловните активности.

На глобално ниво, туризмот продолжува да настапува пред долгорочните предвидувања за раст, со рекордни 1,5 милијарди меѓународни пристигнувања на туристи во 2019 година. Растот на туризмот во земјите на ОЕЦД го надмина светскиот просек од 2014 година, по период на силен раст во последните години. Земјите на ОЕЦД се меѓу врвните дестинации за туризам во светот и учествуваат со повеќе од половина од глобалните пристигнувања (56,9%) и од потрошувачката во туризмот (61,1%). Покрај придобивките од меѓународниот туризам, домашниот туризам е главната основа на овој сектор во мнозинството земји во ОЕЦД со просечно жители кои се одговорни за 75% од трошоците за туризам. Додека краткорочно, сликата за туризмот е мешана, главно заради неизвесен економски изглед и надворешни шокови како што се здравствени и екстремни временски фактори, кои долгорочно се очекуваат да продолжат да растат.

## *Трендови во туризмот во 2020 година*

Меѓународната консалтинг компанија ДСИ (Development Counsellors International (DCI)), во 2020 година ги препорачува следните трендови во туризмот и патувањето:

### *Технологијата*

Според DCI (Development Counsellors International) во 2019 година имаше значителни достигнувања во “паметната” технологија и вештачката интелигенција, особено интеграцијата на овие достигнувања во нашето секојдневие. Вебстраниците што ги посетуваме, нашите доверливи виртуелни асистенти, паметните телефони и другите паметни уреди растат во нивните можности, како и нашата доверба во нив. Во 2020 година очекуваме уште поголемо зголемување на бројката на луѓето кои користат технологија за клучните аспекти и важните одлуки поврзани со нивните патувања. Ќе биде зголемена употребата на виртуалните асистенти за секаков вид информации кои ќе бидат од помош при планирањето на патувањата и сите активности, кои ќе бидат засновани на претходната историја на патувањето, личните интереси и преференци.

***Еко-туризам: Помалку тренд, повеќе императив***

Според истражување на DCI, патниците имаат желба и ќе продолжат да се одлучуваат за повеќе еколошко сместување, транспорт и дестинации. Друг начин на кој патниците се гледаат како прават одржлив избор е преку избор на помалку познати дестинации, со што се намалува преголемата посетеност на одредени места и на тој начин се намалува загадувањето и штетата на животната средина на одредени премногу посетени места. И покрај овие еколошки аспирации, 37% од глобалните испитаници се согласуваат дека не знаат како да го направат своето патување поодржливо. Во меѓувреме, 42% бараат туристичките компании да понудат совети како да бидат поодржливи. Студијата на Booking.com за глобалните патници открива дека скоро три четвртини (74%) од патниците веруваат дека луѓето треба да дејствуваат сега и да направат одржлив избор на патувања за да ја спасат планетата за идните генерации.

***Патувања со воз***

Зголемениот тренд кон еко-туризам, заедно со општите трендови кон експериментално патување и забавување на работите, предизвика неодамнешната ренесанса на возовите. Во 2017 година, четвртина од глобалните патници ставија „тргнување на епско железничко патување“ како една од нивните врвни патнички активности. Сега во 2019 година, 56% рекле дека нема да им пречи да поминат подолго да патуваат до нивната дестинација, ако земаат уникатен начин на транспорт и 62% изјавиле дека сакаат да одат на патување каде што транспортот е дел од искуството. Во денешниот динамичен и брз свет, многу патници сакаат да забават и да донесат поинаков вид релаксација на нивниот одмор. Возовите нудат единствен и бавен начин за истражување, дозволувајќи им на патниците да седнат и да ги видат знаменитостите како што одат од удобноста на нивните прекрасни и топли кабини. Што е најважно, изборот да патуваме со воз наместо со авион го намалува нашиот отпечаток од јаглерод и е голема причина зошто многумина изразуваат интерес за железничко патување.

***Патувања соло***

Истражувањето на светот некогаш беше сметано за застрашувачки и скап подвиг, но денес гледаме дека се повеќе луѓе се одлучуваат на самостојно патување. Земајќи ги предвид глобалните резервации, соло патувањето како глобален тренд се зголеми за околу 18% во последните неколку години и продолжува да расте уште повеќе. Соло патувањето е во пораст низ сите популации и ова е особено изразено кај женските патници и младите генерации. Бројни услуги и компании се појавија на пазарот за патувања за да се грижат за овие групи и

нивните дестинации, кои исто така, можат да играат улога во поттикнување на овој и другите трендови во патувањето и туризмот на одење на соло.

### *Патување во “Споредни градови”*

Патувањата на помалку познати дестинации стана доста популарна и доста се прошири во текот на изминативе години. Ова се однесува на практикување да се прескокнуваат големите градови кои се преполни со туристи и да се посетуваат места на помалку позната дестинација во близина. Меѓу растечките трендови во патувањето и туризмот, во последно време се нуди повеќе културни искуства, поекономично, поодржливо за животната средина и на социјално ниво. Патувањето до помалку позната дестинација може позитивно да влијае на културата и економијата на помалите градови, а истовремено да се избегнат проблемите поврзани со туризмот во поголемите градови. Овој аспект на патување во “споредни” градови се чини дека ги интересира глобалните патници, бидејќи Booking.com открива дека 54% од нив сакаат да играат улога во намалувањето на прекумерниот туризам. Дестинациите, особено оние што не се најголеми туристички центри и услугите можат да играат клучна улога во тоа, бидејќи 51% од глобалните патници изјавиле дека ќе ја заменат својата првобитна дестинација за некоја помалку позната, но слична алтернатива, доколку го знаеле тоа.

## *Анализа на состојбта на туризмот во Република Северна Македонија*

Во табелите кои се претставени во продолжение, направена е анализа на бројот на туристи, ноќевања и капацитети за сместување, број на туристи и ноќевања по објекти за сместување и видови туристички места кои даваат информации за бројот на посетеност во Република Северна Македонија, кој тип на локации, како туристички развиени места се најпосетувани, кои сместувачки објекти се најкористени. Оваа анализа е важна за да се добие слика за бројот на посетеноста на Република Северна Македонија, како и кои туристички места и туристички капацитети се најпосетувани со цел да се добие подобра слика за општата ситуација во туризмот и да се знае во која насока да се насочат активностите за подобрување и развој на туризмот.

Врз основа на податоците од табела бр.1 може да се види вкупниот број на туристи во целата земја, како и посебно во секој регион од државата во изминатите 3 години.

Вкупниот број на туристи во Република Северна Македонија за 2017 година изнесува 998.841, во 2018 година бројот зголемен и изнесува 1.126.935 туристи, додека во 2019 година изнесува 1.184.963 со што се забележува дека бројот на туристи во споредба со претходните години е во пораст.

*Табела бр.1 Туристи во РСМ, по региони, по години*

| | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** |
| **Република Македонија** | 998841 | 368247 | 630594 | 1126935 | 419590 | 707345 | 1184963 | 427370 | 757593 |
| **Вардарски** | 26145 | 8033 | 18112 | 26385 | 8969 | 17416 | 25136 | 8917 | 16219 |
| **Источен** | 31775 | 19947 | 11828 | 34354 | 20490 | 13864 | 32077 | 17657 | 14420 |
| **Југозападен** | 368924 | 164459 | 204465 | 419717 | 181102 | 238615 | 445846 | 194178 | 251668 |
| **Југоисточен** | 142888 | 84260 | 58628 | 160173 | 104971 | 55202 | 167451 | 96678 | 70773 |
| **Пелагониски** | 63549 | 38074 | 25475 | 70798 | 38789 | 32009 | 72833 | 42168 | 30665 |
| **Полошки** | 30124 | 14150 | 15974 | 37091 | 16802 | 20289 | 41994 | 18560 | 23434 |
| **Североисточен** | 11290 | 2387 | 8903 | 10820 | 2312 | 8508 | 10444 | 2193 | 8251 |
| **Скопски** | 324146 | 36937 | 287209 | 367597 | 46155 | 321442 | 389182 | 47019 | 342163 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Од следната табела може да се забележи дека најголем број на ноќевања се направени во југозападниот и скопскиот регион. Ноќевањата бележат пораст, поголем број на ноќевања се направени од домашните туристи во сите години.

*Табела бр.2 Ноќевање на туристи, по региони, по години*

| | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** | **Вкупно** | **Домашни** | **Странски** |
| **Република Македонија** | 2775152 | 1480460 | 1294692 | 3176808 | 1685273 | 1491535 | 3262398 | 1684627 | 1577771 |
| **Вардарски** | 47189 | 17473 | 29716 | 48649 | 21272 | 27377 | 48590 | 24556 | 24034 |
| **Источен** | 62957 | 38320 | 24637 | 69419 | 39591 | 29828 | 62878 | 34547 | 28331 |
| **Југозападен** | 1365684 | 826774 | 538910 | 1539219 | 908457 | 630762 | 1618312 | 946574 | 671738 |
| **Југоисточен** | 457162 | 351244 | 105918 | 571670 | 463329 | 108341 | 562422 | 429062 | 133360 |
| **Пелагониски** | 161751 | 93314 | 68437 | 203620 | 98618 | 105002 | 183520 | 103066 | 80454 |
| **Полошки** | 60249 | 27457 | 32792 | 71929 | 32464 | 39465 | 84138 | 35513 | 48625 |
| **Североисточен** | 17207 | 3283 | 13924 | 14185 | 3280 | 10905 | 14214 | 3153 | 11061 |
| **Скопски** | 602953 | 122595 | 480358 | 658117 | 118262 | 539855 | 688324 | 108156 | 580168 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

И кај капацитетите за сместување, односно кај број на соби и легла има растечки тренд на ниво на РСМ. Со најголем број на соби и легла во 2019 година располага југозападниот, потоа скопскиот регион и на трето место е пелагонискиот регион. Со најмалку капацитети за сместување располага североисточниот регион. Во пелагонискиот регион капацитетите за сместување бележат пораст во 2019 година во однос на претходните две години.

*Табела бр.3 Капацитети за сместување, по региони, по години*

| | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Број на соби** | **Број на легла** | **Број на соби** | **Број на легла** | **Број на соби** | **Број на легла** |
| **Република Македонија** | 28759 | 74257 | 29702 | 76558 | 29933 | 76942 |
| **Вардарски** | 697 | 1792 | 719 | 1841 | 663 | 1748 |
| **Источен** | 718 | 2075 | 735 | 2090 | 734 | 2088 |
| **Југозападен** | 16488 | 42220 | 16862 | 43148 | 16943 | 43312 |
| **Југоисточен** | 2450 | 6449 | 2457 | 6436 | 2467 | 6367 |
| **Пелагониски** | 3414 | 10203 | 3629 | 10741 | 3666 | 10846 |
| **Полошки** | 1142 | 3503 | 1267 | 3806 | 1240 | 3769 |
| **Североисточен** | 388 | 778 | 380 | 763 | 381 | 763 |
| **Скопски** | 3462 | 7237 | 3653 | 7733 | 3839 | 8049 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр.4 Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2017*

2017

| | | **Туристи** | | | **Ноќевања** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** |
| **Вкупно** | 998841 | 368247 | 630594 | 2775152 | 1480460 | 1294692 |
| **Хотели - вкупно** | 744760 | 166104 | 578656 | 1481347 | 308825 | 1172522 |
| **Хотели ******* | 183000 | 29248 | 153752 | 332507 | 54075 | 278432 |
| **Хотели ******* | 339299 | 66069 | 273230 | 676016 | 118303 | 557713 |
| **Хотели ***** | 150657 | 40298 | 110359 | 320986 | 78018 | 242968 |
| **Хотели **** | 53708 | 22121 | 31587 | 109361 | 41685 | 67676 |
| **Хотели *** | 18096 | 8368 | 9728 | 42477 | 16744 | 25733 |
| **Пансиони** | 966 | 384 | 582 | 1462 | 448 | 1014 |
| **Мотели** | 11767 | 4313 | 7454 | 17735 | 5583 | 12152 |
| **Туристички апартмани** | 5686 | 306 | 5380 | 14697 | 595 | 14102 |
| **Преноќишта** | 12801 | 3972 | 8829 | 22318 | 5831 | 16487 |
| **Бањски лекувалишта** | 32189 | 28227 | 3962 | 245074 | 217064 | 28010 |
| **Планински домови и куќи** | 1956 | 436 | 1520 | 2333 | 677 | 1656 |
| **Работнички одморалишта** | 12863 | 10735 | 2128 | 42244 | 36578 | 5666 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Детски и младински одморалишта** | 11131 | 10079 | 1052 | 48090 | 43763 | 4327 |
| **Младински хотели** | - | - | - | - | - | - |
| **Кампови** | 14425 | 10404 | 4021 | 56417 | 49152 | 7265 |
| **Куќи, станови за одмор и соби за издавање - вкупно** | 124949 | 124238 | 711 | 793667 | 792312 | 1355 |
| **Привремени сместувачки капацитети** | 908 | 217 | 691 | 3479 | 930 | 2549 |
| **Коли за спиење** | 3866 | 1118 | 2748 | 3866 | 1118 | 2748 |
| **Некатегоризирани објекти за сместување** | 20574 | 7714 | 12860 | 42423 | 17584 | 24839 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

За успешен развој на туризмот, еден од клучните фактори претставуваат сместувачките и угостителски објекти. Од табелите 4, 5 и 6 може да се забележи дека најголемиот број од посетители и ноќевања се регистрирани во хотел, како и во куќите, становите за одмор и собите за издавање. Најмал број на посетители и ноќевања се забележуваат кај привремените сместувачки капацитети, пансиони и планинарски домови и куќи. Се заклучува дека овие објекти се најмалку развиени и нудат не доволни услови за престој. За успешен развој на туризмот, како и привлекувањето на поголем број на посетители, се јавува потребата од изградба и реконструкција на овие објекти кои секако би ја збогатиле понудата и би придонеле кон поголема заинтересираност за посета.

*Табела бр.5* Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2018

2018

| | | **Туристи** | | | **Ноќевања** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** |
| **Вкупно** | 1126935 | 419590 | 707345 | 3176808 | 1685273 | 1491535 |
| **Хотели - вкупно** | 847620 | 194840 | 652780 | 1792155 | 433101 | 1359054 |
| **Хотели ******* | 218133 | 38402 | 179731 | 397296 | 62581 | 334715 |
| **Хотели ****** | 405520 | 86357 | 319163 | 898433 | 200371 | 698062 |
| **Хотели ***** | 161622 | 44135 | 117487 | 367268 | 118277 | 248991 |
| **Хотели **** | 45929 | 17833 | 28096 | 94343 | 33956 | 60387 |
| **Хотели *** | 16416 | 8113 | 8303 | 34815 | 17916 | 16899 |
| **Пансиони** | 944 | 324 | 620 | 1852 | 489 | 1363 |
| **Мотели** | 7800 | 3927 | 3873 | 30314 | 9185 | 21129 |
| **Туристички апартмани** | 4537 | 470 | 4067 | 9780 | 834 | 8946 |
| **Преноќишта** | 23973 | 11483 | 12490 | 45976 | 20094 | 25882 |
| **Бањски лекувалишта** | 13432 | 12910 | 522 | 108043 | 105626 | 2417 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планински домови и куќи** | 2102 | 526 | 1576 | 2885 | 783 | 2102 |
| **Работнички одморалишта** | 14560 | 11781 | 2779 | 46535 | 39213 | 7322 |
| **Детски и младински одморалишта** | 13249 | 12211 | 1038 | 53974 | 50192 | 3782 |
| **Младински хотели** | - | - | - | - | - | - |
| **Кампови** | 18362 | 13516 | 4846 | 58370 | 49903 | 8467 |
| **Куќи, станови за одмор и соби за издавање - вкупно** | 152886 | 149135 | 3751 | 963737 | 954488 | 9249 |
| **Привремени сместувачки капацитети** | 1210 | 411 | 799 | 5921 | 2081 | 3840 |
| **Коли за спиење** | 5510 | 1827 | 3683 | 5510 | 1827 | 3683 |
| **Некатегоризирани објекти за сместување** | 20750 | 6229 | 14521 | 51756 | 17457 | 34299 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр.6* Туристи и ноќевање по видови објекти за сместување, по години 2019

2019

| | | **Туристи** | | | **Ноќевања** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** |
| **Вкупно** | 1184963 | 427370 | 757593 | 3262398 | 1684627 | 1577771 |
| **Хотели - вкупно** | 921920 | 213327 | 708593 | 1912388 | 456482 | 1455906 |
| **Хотели ******* | 249894 | 46538 | 203356 | 452456 | 76015 | 376441 |
| **Хотели ******* | 448039 | 94330 | 353709 | 960974 | 208445 | 752529 |
| **Хотели ****** | 172698 | 50536 | 122162 | 400388 | 128637 | 271751 |
| **Хотели ***** | 36251 | 14103 | 22148 | 69102 | 27424 | 41678 |
| **Хотели **** | 15038 | 7820 | 7218 | 29468 | 15961 | 13507 |
| **Пансиони** | 728 | 110 | 618 | 1272 | 159 | 1113 |
| **Мотели** | 6296 | 2293 | 4003 | 24734 | 5382 | 19352 |
| **Туристички апартмани** | 4388 | 444 | 3944 | 9542 | 819 | 8723 |
| **Преноќишта** | 15087 | 7142 | 7945 | 27322 | 13303 | 14019 |
| **Бањски лекувалишта** | 11254 | 10165 | 1089 | 98435 | 86515 | 11920 |
| **Планински домови и куќи** | 3108 | 402 | 2706 | 4205 | 768 | 3437 |
| **Работнички одморалишта** | 13503 | 10851 | 2652 | 43583 | 37145 | 6438 |
| **Детски и младински одморалишта** | 14764 | 13054 | 1710 | 60733 | 54027 | 6706 |
| **Младински хотели** | - | - | - | - | - | - |
| **Кампови** | 17029 | 12208 | 4821 | 55606 | 46602 | 9004 |
| **Куќи, станови за одмор и соби за издавање - вкупно** | 154530 | 150622 | 3908 | 970359 | 961702 | 8657 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Привремени сместувачки капацитети** | 1395 | 741 | 654 | 5043 | 2440 | 2603 |
| **Коли за спиење** | 2248 | 763 | 1485 | 2248 | 763 | 1485 |
| **Некатегоризирани објекти за сместување** | 18713 | 5248 | 13465 | 46928 | 18520 | 28408 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

Во табелите подолу се претставени податоци за туристи и ноќевања по видови туристички места. Прикажани се планинските места како атрактивни места за посета, како и другите видови на локации кои се посетуваат.

*Табела бр.7* Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2017

2017

| | | **Туристи** | | | **Ноќевања** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** |
| **Вкупно** | 998841 | 368247 | 630594 | 2775152 | 1480460 | 1294692 |
| **Скопје** | 300772 | 28399 | 272373 | 506711 | 47366 | 459345 |
| **Бањски места** | 32189 | 28227 | 3962 | 245074 | 217064 | 28010 |
| **Планински места** | 58752 | 40907 | 17845 | 125589 | 93616 | 31973 |
| **Езерски места** | 432977 | 218711 | 214266 | 1581807 | 1042427 | 539380 |
| **Други места** | 174151 | 52003 | 122148 | 315971 | 79987 | 235984 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр.8* Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2018

2018

| | | **Туристи** | | | **Ноќевања** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** |
| **Вкупно** | 1126935 | 419590 | 707345 | 3176808 | 1685273 | 1491535 |
| **Скопје** | 339074 | 35379 | 303695 | 565812 | 56371 | 509441 |
| **Бањски места** | 31244 | 26778 | 4466 | 237551 | 206804 | 30747 |
| **Планински места** | 65381 | 43362 | 22019 | 139912 | 99085 | 40827 |
| **Езерски места** | 504173 | 256255 | 247918 | 1864576 | 1235085 | 629491 |
| **Други места** | 187063 | 57816 | 129247 | 368957 | 87928 | 281029 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр. 9* Туристи и ноќевања на туристи по видови туристички места, по години 2019

2019

| | | Туристи | | | Ноќевања | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **домашни** | **странски** | **вкупно** | **домашни** | **странски** | |
| **Вкупно** | 1184963 | 427370 | 757593 | 3262398 | 1684627 | | 1577771 |
| **Скопје** | 359008 | 37738 | 321270 | 607786 | 58629 | | 549157 |
| **Бањски места** | 27647 | 22776 | 4871 | 220749 | 182562 | | 38187 |
| **Планински места** | 70907 | 46198 | 24709 | 147608 | 103579 | | 44029 |
| **Езерски места** | 543855 | 263878 | 279977 | 1938169 | 1244961 | | 693208 |
| **Други места** | 183546 | 56780 | 126766 | 348086 | 94896 | | 253190 |

Извор:Државен завод за статистика на РСМ

## *SWOT Анализа*

SWOT анализата ги сумира главните трендови кои влијаат на развојната рамка на туризмот во Општина Крива Паланка. Во себе ги интегрира четирите главни фактори:

- Силните страни на (географската локација, човечки потенцијали, финансиски поволности, организацијата на институциите, инфраструктурните елементи и сл);
- Слабите страни и ограничувањата кои се појавуваат во локален контекст, независно од регионалните и светските трендови во индустријата;
- Можностите кои ќе резултираат со подобро искористување на потенцијалот доколку се надминат слабите страни и ограничувања;
- Заканите или надворешните фактори кои може да го оневозможат натамошниот развој.

SWOT анализата е изготвена со цел да ја опфати институционалната рамка на развојните компоненти и програми. Таа не обезбедува анализа на проблемите кои се надвор од институционалните рамки и не обработува аспекти кои имаат краткорочна димензија.

*Табела бр.10* Свот анализа

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ❖ **Природни убавини**<br>❖ **Планинско езеро**<br>❖ **Автентична архитектура**<br>❖ **Еколошки чиста средина**<br>❖ **Богата културно-историска понуда,**<br>❖ **Богата традиција**<br>❖ **Многу поволни климатски услови**<br>❖ **Одлична гео-позиција/на автопат кој води до бугарската граница**<br>❖ **Природни услови за развој на туризам** | ❖ **Неискористени потенцијали за планински и спортски туризам туризам**<br>❖ **Недоволно развиена патна инфраструктура**<br>❖ **Недостиг на сообраќајна и туристичка сигнализација**<br>❖ **Недостаток на туристички претприемачки вештини**<br>❖ **Недостиг од организирани активности кои би можеле да се понудат на туристите**<br>❖ **Ниска свест на населението за туризам**<br>❖ **Недоволно ресурси за заштита на природните, културните и историските богатства**<br>❖ **Недостаток на претприемачки дух за туризам кај населението** |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| ❖ **Создавање на нови туристички локалитети**<br>❖ **Огромен потенцијал за развој на спортски туризам**<br>❖ **Подигање на свесноста на населението за развој на туризмот**<br>❖ **Подигање на свесноста на населението за важноста на спортскиот туризам и земјоделските производи и нивната улога во развојот на туризмот** | ❖ **Потенцијална опасност културните и историските богатства да се оштетат, заради недоволна грижа и одржлива стратегија**<br>❖ **Недостиг на капацитет за сместување**<br>❖ **Конкуренција од другите градови од регионот**<br>❖ **Слаба економска моќ на општината да инвестира во развој на туризмот**<br>❖ **Ниска обележаност на туристичките места**<br>❖ **Низок животен стандард на населението** |

## *PEST Анализа*

PEST анализата се однесува на надворешните фактори како што се: политичките, економските, социо-културните и технолошките. При подготовка на стратешка анализа или истражување на пазарот е битно да се земат предвид овие фактори, бидејќи влијаат на целокупното работење и фунционирање на сите сектори. Битно е да се направи анализа како овие фактори би влијаеле врз развојот на туризмот во општина Крива Паланка.

*Табела бр.11* Пест анализа



## V. ПРОФИЛ НА ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР

Профилот на туристичкиот пазар може да се објасни и опише во повеќе сегменти на туристичкото работење. Важните сегменти кои треба да се набројат и кои се дел од основите на еден работен циклус, а кои даваат една целосна анализа на дејноста, се распоредуваат во следниве категории:

- Правна рамка со правна регулатива, односно закони за туристичко работење;
- Финансии, финансиско работење, и пристап до финансии за реализација на целите;
- Технологија на дејноста, поточно видот на туристичкото работење;
- Маркетинг, односно туристички зони во и околу селата;
- Туристички производи и промоција на туризмот; и
- Работната сила и пазарот на трудот.

### *Правна рамка со правна регулатива, односно закони за туристичко работење*

Поважните закони кои влијаат на работењето во туристичката дејност се:

- Закон за туристичката дејност
- Закон за угостителската дејност
- Закон за автокампови
- Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија

Освен директните закони поврзани со туристичката дејност, свое влијание имаат и сите закони поврзани со стопанството, имотно-правните односи и државното уредување.

Исто така, многу важно е да се напомене и усвоената мерка на Владата на Република Северна Македонија со која се субвенционираат туристичките работници, односно се субвенционира дојдовниот туризам со тоа што секое правно лице кое ќе донесе странски туристи со минимален престој од 3 ноќевања добива стимулација по единица турист.

Стимулациите во оваа дејност се однесуваат и на намалување на данокот на додадена вредност (ДДВ) за туристички услуги, ноќевање, сместување со појадок, полупансион или полн пансион, од 18% на 5% (септември 2011).

## *Институционални капацитети за туризам*

Институции на државно ниво:

- Министерство за економија - Сектор за туризам и угостителство;
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за рурален развој
- Во рамките на Владата постои Комитет за туризам кој е формиран со цел да врши координација и ефикасна имплементација на делот од владината програма за развој на туризам.

Институции на регионално ниво:

Согласно законските прописи за територијална поделба, Република Северна Македонија регионално ја сочинуваат осум плански региони. Сите овие осум плански региони во земјата имаат институционални центри на регионите, во рамките на кои треба да се планира и спроведе регионалниот развој на туризмот, преку носење на стратегии и акциони планови за развој.

Институции на локално ниво:

- Здруженија за туризам и рурален развој
- Туристичка комора на Македонија
- Туристичко - угостителска комора на Македонија - ССКМ
- Стопанска комора за туризам на Македонија
- Асоцијацијата – ХОТАМ
- Здружение за угостителство и туризам – СКМ

# *VI. МАПИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКТИВНОСТИ И ЗОНИ*

## *Природни атрактивности*

### *Осоговските Планини*

Осоговските планини се висок и грамаден планински масив којшто доминира во источниот дел на Република Македонија. По висина и големина тоа е најголемиот планински масив во Источна Македонија, а по вкупната површина која ја зафаќа, втор во Република Северна Македонија, после масивот на Јакупица. Должината (во правец исток-запад) е околу 50km, а ширината околу 28km. Осоговските планини лежат помеѓу Славишката котлина на север, Кумановската котлина на северозапад, Пробиштипско - Злетовскиот басен на запад, Кочанската котлина на југ, Пијанец на југоисток и Струмскиот басен со Ќустендилската котлина на исток на територија на Република Бугарија. Како природна целина, се протега во две држави и зафаќа вкупна површина од 1.535 км$^2$, од кои на Република Северна Македонија припаѓаат 1.102км$^2$ или 71.8%, додека на 443км$^2$ или 28.2% и припаѓаат на Република Бугарија.

Релјефот на осоговскиот планински масив е претставен со високи, зарамнети и долги планински била, кои меѓу себе се расчленети со длабоки речни долини, вулкански купи и кратери. Планината изобилува со вода и тука покрај билата, како значаен релјефен елемент се и речните долини кои се одликуваат со стрмни клисури. Најпознати се долините на реките: Тораничка, Каменичка, Оризарска, Злетовска и др.

Климата на Осоговските планини е типично планинска, но релативно пријатна без големи екстреми. Поради височината, сончевото зрачење е интензивно и долготрајно, а воздухот чист, богат со кислород и свеж. Биодиверзитетот е извонредно голем, како во однос на растителниот така и за животинскиот свет. Во долниот дел има шума, најмногу бука во средниот дел, има и иглолисни дрвја и смрека во суб-алпскиот појас. Горните делови, над 1800 метри се богати тревни пасишта. Животинскиот свет е исто така разновиден со ситен и крупен дивеч, птици, влечуги и др.

Осоговските планини имаат повеќе врвови, од кои неколку се со висина над 2000 метри надморска височина. Но и оние кои се пониски имаат своја убавина и предизвик да бидат посетени. Највисок врв е врвот Руен (2252 m), а други поголеми и поинтересни врвови се: Мал Руен (2205 м), Царев врв (2085 m), Сокол (2038 m), Китка, Калин Камен, Чеперник, Бабина Чешма, Бел Камен, Бандера, Петрово Брдо, Орлов Камен, Маркова Ступка, Костадиница, Јаловарник, Чука, Лисец, Уво, Буковец, Панаѓур, Пониква, Чукар, Висока Чука, Кула, Бреза, Борова Глава, Пропотнички Чукар.

Сообраќајно, овој планински масив е меѓу најпристапните високи планини во Македонија. Има околу 400км должина на асфалтни и макадамски патишта кои водат кон внатрешноста на масивот, од кои повеќе од 150км се асфалтни.

Осоговските планини нудат одлични услови за развој на туризмот. Поради прекрасните природни убавини (релјеф, клима, вода, растителен и животински свет), архаичните селски и карактеристичните градски населби, како и богатите културно-историски вредности располагаат со голем туристички потенцијал. Планината е погодна за рекреативно планинарење, набљудување, фотографирање, планински велосипедизам, џип-сафари по бројните планински патишта, параглајдинг, потоа боравишен зимско-спортски туризам во високите делови и селски туризам во пониските подрачја.

Покрај бројните интересни локалитети, особено внимание и атрактивност имаат локалитетите Калин Камен, Царев Врв и Руен, кои се протегаат главно над 1800 метри надморска височина. Калин Камен, Царев Врв и Руен претставуваат туристичка целина и се надополнуваат меѓусебно. Бидејќи се наоѓаат во најатрактивниот, централен и висок дел на Осоговските Планини, истите се меѓу најзначајните туристички потенцијали на планината. За нив постои голем интерес за посета во текот на целата година, а со оглед на пространоста имаат голем прифатен капацитет.

*Слика бр. 1 Осоговски планини*



***Калин Камен -*** Планинскиот туристички центар Калин Камен се наоѓа на 10 километри југоисточно од Крива Паланка, над манастирот Свети Јоаким Осоговски. Овој локалитет се наоѓа на надморска височина од 1500 до 1870 метри, и во него има места за одмор и рекреација, мал спортски терен, како и објекти за сместување на мали туристички групи. Еден од препознатливите белези на ова место е и вештачкото езеро Калин Камен, кое во летниот период е погодно за кампување. Во 2009 година за прв пат се организираше ревијално рели за возила со погон на четири тркала.

*Слика бр.2* Калин Камен



***Царев Врв -*** Царев Врв се наоѓа на надморска височина од 2085 метри, а од Крива Паланка е оддалечен околу 25км, додека пак од скијачкиот центар Пониква, некаде околку 20км.

Самото место има одлични можности за развој на туризам, најмногу од аспект на зимско - спортски туризам. На овој простор идентификувани се соодветни терени за ски патеки, како и за изградба на еден современ ски центар.

Единствени објекти што се присутни овде денес се двете караули, кои опстојуваат на меѓусебно растојание од триесетина метри.

*Слика бр.3  Царев врв*



***Руен -*** Врвот „Руен "е највисок врв на Осоговските Планини и воедно највисок врв во Источна Македонија. Се наоѓа на надморска височина од 2252 метри, на самата граница меѓу Македонија и Бугарија.

*Слика бр. 4 Врв "Руен"*



***Биљина Планина***

Биљино или Биљина Пл. преставува средновисока планина која се протега во крајниот североисточен дел на Македонија на границата со Србија. Поради големата десецираност на релјефот, точните граници на оваа планината многу тешко можат да се одредат. На север таа се надоврзува Чупино Брдо, кое морфолошки не се разликува многу, па може да се смета за дел од Биљино, додека на југ преминот кон планината Герман е незабележителен. Главното било се протега во правец север - југ во должина од 15км. Највисок врв во јужниот дел е Стража (1.547 м), додека во северниот е Чупино Брдо (1,703 м). Пониските делови се под шума - даб и бука, а повисоките се под пасишта.

***Градечки Чуки***

Градечки Чуки е локалитет кој се наоѓа на околу 4km северно од Крива Паланка и се одликува со интересни остатоци од некогашен вулканизам претставен со мали купести возвишенија, скаменети лавични текови, разни други вулкански форми, блокови и туфови.

***Крива Река***

Крива Река е најдолга река во овој регион, долга е 75 километри, а по површина на сливот (1,002км$^2$) е најголема притока на Пчиња. Извира во Осоговските планини, северно од Царев Врв, на надморска височина од 1,932 метри, а во Пчиња се влива кај селото Клечовце, на надморска височина од 294 метри.

Од извориshниот дел до вливот на Киселичка Река, на 18 километри од изворот, Крива Река првин тече кон север и северозапад, а потоа нагло го менува правецот и продолжува да тече кон југозапад. Во центарот на градот Крива Река ја прима својата најголема притока, Дурачка Река.

Долината на Крива Река е композитна, при што се сменуваат неколку клисурски делови: Жидиловско - Паланечка, Псачка, Маркова, Вакуфска Клисура со ерозивни проширувања: Уземско, Трновечко, Средоречко и котлини: Славишка и Кумановска.

До село Опила, долината на Крива Река претежно е всечена во кристалести карпи гнајсеви, микашисти, хлоритски, мусковитски шкрилци, а низводно до село Бељаковце главно е всечена низ терциерни вулканити: андезити, игнимбрити, туфови, бречи. Од село Бељаковце до самиот влив во Пчиња, долината на Крива Река е всечена во еоцени (марински) седименти - песочници и плочести варовници. Сливот на Крива Река има неправилна правоаголна форма и зафаќа површина од 1,002км$^2$. Сливот на Крива Река се одликува со мала пошуменост, особено во западните (палеовулкански) делови, како и на јужните падини на Герман и Биљино. Обесшуменоста на сливот условува значително површинско истекување за време на врнежи, поради што најголем дел од водотеците имаат пороен карактер и доста променлив протек во годината.

За да се подобри состоiбата и да се намали ерозивноста, во втората половина на 20 век се вршени пошумувања, но на релативно мала површина и без соодветна динамика. Затоа добиените резултати не се одразуваат врз современата состојба.

Крива Река има развиена хидрографска мрежа, која ја чинат над 600 постојани, периодични и повремени водотеци со вкупна должина од околу 1,400 километри. Од тој број, 14 водотеци се подолги од 10 километри, а од нив 11 се директни притоки на Крива Река и тоа: Киселичка Река, Габерска Река, Рашка Река, Ранковечка, Ветуничка Река, Дрзава и Живуша, кои се десни притоки и Дурачка Река, Кратовска Река, Повишница и Врлеј кои се леви притоки.

### *Дурачка Река*

Дурачка Река тече низ истоименото село, југоисточно од градот Крива Паланка. Извира под врвот Костадинци во источниот дел на Осоговските Планини и тече кон север. Дурачка Река ја прават трите мали реки: Станечка, Козја и Дурачка. Вкупната должина на реката е 15 километри, а се влева во Крива Река во градот Крива Паланка.

### *Станечки водопади*

Станечкиот водопад се наоѓаат на Козја Река, во северниот дел на Осоговските Планини, кај с. Станци, а од Крива Паланка е оддалечен некаде околу 8 километри.

Водопадот е релативно лесно пристапен и до него води патека кој поминува низ густа букова шума. До самото село Станци во долината на Дурачка Река, води асфалтен пат долг 5км. Потоа се тргнува по патека која води покрај Козја Река и по околу 3км пешачење се доаѓа до големиот Станечки водопад. Самата долина на Козја Река е тесна и на одредени места скоро вертикална со изглед на мал кањон.

Водопадот се наоѓа на надморска височина од 1160 метри и е проточен во текот на целата година. Неговата височина изнесува 11 метри и претставува најголемиот постојан водопад на Осоговските Планини. Во подножјето на овој водопад, со вртложното движење на водата е создаден голем природен базен или џиновски лонец. Од џиновскиот лонец речната вода слаповидно истекува кон помирниот дел на Козја Река, паѓајќи уште 3м на релативно кратко растојание, така што водата вкупно се спушта 14м. По текот на реката има уште неколку мали водопади што му дава посебна убавина на овој локалитет. Кон исток, долината стрмно се издига кон билото на Калин Камен на околу 1800м и понатаму кон Царев Врв (2085м), што може да биде интересна рута за планинарење.

*Слика бр.5 Станечки водопади*



***Жидиловска клисура***

Жидиловска клисура на Крива Река се протега во должина од 11км, помеѓу с.Узем и Крива Паланка. Оваа клисурата е длабока 200-300 метри и не е многу стрмна. Главно е под шумска вегетација, но на некои места има карпести остенци со различна форма, големина и интересен изглед. Низ Жидиловска Клисура минува коридорот 8, што претставува можност за застанување на туристите заради одмор, набљудување, фотографирање, планинарење итн.

***Клисура на Киселичка Река***

Живописната клисура на Киселичка Река се наоѓа во крајниот североисточен дел на регионот, северно од Крива Паланка. Се наоѓа помеѓу планината Биљино на запад и ограноците од планината Дукат на исток, во должина од околу 10 километри. Длабочината на клисурата е од 200 до 350 м, а страните се релативно стрмни, особено кај с. Киселица. Голем дел од клисурата е под шумска вегетација, но на некои места е оголена и каменлива. Низ клисурата води асфалтен пат до селото Луке, поради што е лесно пристапна.

## *Антропогени атрактивности*

### Археолошки наоѓалишта

Врз основа на археолошката карта на Република Северна Македонија, на територијата на општина Крива Паланка има регистрирани археолошки локалитети кои датираат од различни периоди. Бројните археолошки локалитети се распространети на целата територија и претставуваат редок материјален доказ за духовната и материјалната култура на луѓето кои тука живееле околу два милениума.

Голем дел од овие археолошки локалитети, денес се многу малку истражени и кај најголем број од нив определен е само видот (категоријата) и хронолошката рамка и за жал некакви подетални археолошки истражувања сеуште не се направени.

| | |
|---|---|
| **Б`с** | **Градиште** - градиште од доцноантичкото време |
| | **Рударски Гробишта** — археолошко наоѓалиште во кривопаланечкото село Б'с. Наоѓалиштето претставува средновековна некропола. На 4км од Крива Паланка, на десната страна од патот Крива Паланка - Калин Камен, на мала височинка со димензии 50 × 50 метри, на површината се гледаат камени конструкции од гробови. |
| **Дурачка Река** | **Градиште** - градиште од доцноантичкото време |
| | **Гробишта** - некропола од доцноантичкото време |

| | |
|---|---|
| **Конопница** | **Градиште** - утврдена населба од доцноантичкото време |
| | **Подиште** - викус од доцноантичкото време |
| | **Таван** - населба од доцноантичкото време |
| | **Црквиште** - населба од доцноантичкото време |
| **Костур** | **Купишта** - средновековна топилница за руда |
| | **Рањева Нива** - средновековна топилница за руда |
| | **Цепен Камен** - средновековна топилница на руда |
| **Кошари** | **Градиште** - градиште од доцноантичкото време |
| **Мождивњак** | **Авлија** - осамен наод од доцноантичкото време |
| | **Градиште** - градиште од доцноантичкото време |
| | **Дуќаниште** - населба од доцноантичкото време |
| | **Опашуљка** — археолошко наоѓалиште во кривопаланечкото село Мождивњак. Наоѓалиштето претставува средновековна црква и некропола. На јужниот крај на селото, на мало ридче со зарамнето плато се откриени повеќе гробови градени од камени плочи - тип циста. Видливи се остатоци од темели на црква со мали димензии. |
| | **Црквиште** - населба од доцноантичкото време |
| **Станци** | **Манастирска Дупка** - средновековен сакрален објект |

*Слика бр.6  Архиолошки локалитет Градиште*



***Манастир „Св. Јоаким Осоговски “ или Осоговски манастир***

Манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ се наоѓа на околу 3 километри североисточно од гратчето Крива Паланка, во прегратките на дабовата шума на Осоговските планини. Основан е уште во 12 век, познат и по името Сарандапор, а посветен е на испосникот Св. Јоаким Осоговски, кој во овие предели живеел кон крајот на 11-тиот и почетокот на 12-тиот век.

Манастирот во својата богата историја бележи подеми и падови. За неговото значење зборува податокот дека бил посетуван од повеќе црковни великодостоинственици, државници и патеписци.

Најстариот објект во манастирскиот комплекс е малата црква „Света Богородица “, градена во 14 или 16 век, врз темели на црква од 11-ти и 12-ти век. Градбата ја карактеризира византиски стил и претставува една од првите средновековни цркви на тлото на Македонија.

Во 1847 година започнува изградбата на големата црква „Св. Јоаким Осоговски“, завршена и осветена во 1851 година. Црквата ја изградил Андреј Дамјанов, најпрочуениот градител на Балканот од почетокот на 19 век. По својата архитектура, црквата претставува монументална е трикорабна базилика со дванаесет куполи (седум мали и пет поголеми). Влезот е на западната страна, а внатрешноста и тремовите на црквата се живописани од вештите раце на македонските зографи. Најзначајниот дел се наоѓа на западниот ѕид од црквата, дело на Димитриј Андонов Папрадишки. Една од најубавите фрески е „Евангелската проповед на Св. Павле “, на која народната носија од Кривопаланечко зрачи со сета своја убавина и рустичност.

Денес манастирот е отворен за верници, посетители, патници и добронамерници кои доаѓаат на поклонение пред чудотворните мошти на Св. Јоаким, кои се чуваат во манастирот. Во него се наоѓаат две цркви, неколку конаци кои нудат услови за престој на гости и ресторан со широка понуда на автентични јадења, а природата околу манастирот нуди неповторливи услови за прошетка.

*Слика бр.7 Манастир „Св. Јоаким Осоговски”*



***Црква „Св.Димитриј" - Крива Паланка, општина Крива Паланка***

Претставува трикорабна псевдобазилика, со откриен нартекс на запад и северозапад и ниска полукружна апсида на исток. Црквата е изградена со големо залагање на градските првенци и самиот ктитор Давид Јереј во 1833 година, на што наведува и самиот натпис над западната влезна врата. Веднаш до храмот се наоѓа Енгеровата куќа, каде што е отворено првото црквено училиште во 1817 година. Од јужната страна на храмот во 1935 година е подигната камбанарија. Внатрешноста на црквата е живописана во 1887 година од живописецот Димитар Андонов Папрадишки. Иконостасната конструкција е богато декорирана со природни, панорамни и флорални мотиви и пејсажи.

*Слика бр.8 Црква „Св.Димитриј"*



***Испосница на Свети Јоаким Осоговски – с.Градец, општина Крива Паланка***

Локалитетот се наоѓа 7км северно од Крива Паланка, во атарот на с. Градец. Според легендата, тука живеел во изолација светителот Јоаким Осоговски, во втората половина на 11 век, пред да се премести во местото Бабин Дол, каде што денес е сместен неговиот манастир. Денес овој локалитет претставува уредена дестинација за посета на туристи и пригодно место за организација на културни активности во природа. На ова место се наоѓа споменик во чест на светецот, како и сцена за одржување на различни културни манифестации. Во близина на испосницата се наоѓа археолошкиот локалитет Градиште, со остатоци од доцната антика и средниот век. Исто така, во селото се наоѓа црквата Св. Никола од 19 век, а во нејзина близина се наоѓа старото училиште, коешто е приспособено за сместување на туристи.

*Слика бр.9 Испосница на Свети Јоаким Осоговски*



*Слика бр.10  Испосница на Свети Јоаким Осоговски*



***Црква „Св. Никола “, с.Градец, општина Крива Паланка***

Црквата претставува еднокорабна градба со внатрешни столбови изградена во 1857 година. Некои од иконите се насликани во 1869 година, а фреските се од 1867 година и се дело на уметник од дебарската сликарска школа. Црквениот празник е денот на Свети Никола.

*Слика бр.11 Црква "Св.Никола"', с.Градец*



***Црква „Свети Никола " с.Длабочица, општина Крива Паланка***

Црквата претставува релативно понова градба, изградена на еднокорабна основа во 1928 година. Она што е интересно е дека овде на патрониот празник на црквата, летен Свети Никола, населението од селото масовно се собира и организира голем народен собор, а притоа се организираат и други придружни активности. Во подножјето недалеку од патот кој води кон селската црква и училиштето постои параклис и света вода во чест на Св. Илија.

*Слика бр.12 Црква „Свети Никола"*



***Црква „Свети Никола“, с. Трново, општина Крива Паланка***

Претставува манастирска црква, со еднокорабен тип на градба со полукружна апсида. За изградбата на црквата се познати две можни години 1505 и 1605 година. Во 19 век е дограден затворен трем со два влеза, од западната страна и отворен – од јужната страна. Од фреските значајно е да се спомене „Раѓањето на Христос “, ликовите на Св.Никола, Св.Теодор Тирон и Теодор Стратилат, Св. Јоаким Осоговски и др. Во иконостасот се интересни композициите, како и седумте икони.

Во непосредна близина на црквата се наоѓа парохиски дом, опремен со ресторан и услови за сместување на гости.

*Слика бр.13 Црква „Свети Никола “, с.Трново*



***Црква „Св.Теодор Тирон ", с.Конопница, општина Крива Паланка***

Црквата е изградена во 1885 година и се карактеризира со многу интересна архитектонска концепција, нетипична за нашето подрачје. Има рамнострана конструкција со камени ѕидови, додека пространата слепа купола е обликувана со конструкција од плитар и покриена со плочи од варовик. Интересни се иконите од иконостасот, насликани во 19 век. Црквата е позната и со ритуалот (манифестацијата), познат како „невестинско поклонение".

Манифестацијата претставува своевидна ревија на народни носии и уникатниот обичај во кој во главната улога се снаата и свекрвата.

*Слика бр.14 Црква „Св.Теодор Тирон ", с.Конопница*



***Градски Музеј - Крива Паланка, општина Крива Паланка***

Градскиот музеј во Крива Паланка е релативно нова локална иницијатива, формирана во октомври 2011 година Зградата во која е сместен музејот датира од 1926/27 година и е еден од најстарите објекти во градот. Музејот располага со постојана етнолошка, историска и археолошка поставка, која го претставува наследството на градот. Во целост збирката на музејот има околу 2 500 предмети.

Во склоп на музејот се наоѓа ***сувенирница*** која располага со богат асортиман на артикли кои го отсликуваат културното наследство на Крива Паланка и Македонија.

*Слика бр.15 Градски Музеј - Крива Паланка*




***Кривопаланечката тврдина***

Градската тврдина била изградена во 1634 година од турскиот везир Бајрампаша, како воено утврдување за заштита на карваните, патниците и војските од ајдутите низ кривопаланечката клисура. Одовде минувал т.н. царски друм, по кој оделе и султани, значајни личности, трговци и стоки поради што бил од големо стопанско и стратегиско значење за турската држава и за поврзувањето на Македонија со Мала Азија. Основањето на градското јадро било примарно за турската власт. Градските бедеми биле многу високи и масивни. Тврдината имала четириаголна форма, со околу 4,000 квадратни метри и 4 кули на сите страни. Во тврдината имало караван - сарај во кој можеле да се сместат 500 коњи, 50 куќи, џамија, амам, амбари и други објекти за одмор и за снабдување на патниците. Тврдината ја обезбедувале 200 војници со градски заповедник и со 10 топа. На влезот, пак, била поставена мермерната плоча на која биле запишани 12 стиха.

Ова културно - историско наследство и покрај тоа што претставува споменик на културата од национално значење, денес е речиси целосно уништено и останати се само разрушени ѕидини.

***Споменици од поновата историја***

Од спомениците од поновата историја овде ќе ги спомнеме *Спомен костурницата посветена на загинатите српски војници* во Првата светска војна, подигната меѓу 1918 И 1925 година, како и *Спомеником на паднатите борци од НОБ*.

***Млеководот на Осоговските Планини***

Млеководот од бачилото кое се наоѓало на повисока надморска висина во околината на манастирот ‘’Св. Јоаким Осоговски’’ е симбол за снаодливоста на нашите предци. Тој е откриен пред неколку години и се смета дека е првиот млековод на Балканот од тој тип, датира некаде од раниот среден век. Млеководот е во вид на керамички цевки и служел за пренесување на млекото од манастирското трло до црквите.

Се верува дека монасите според движењето на сенките точно знаеле кога од цевките ќе потече млекото и кога одозгора ќе пуштаат врела вода за миење на млеководот. Овој крај бил развиен во минатото, само манастирското трло броело преку 100,000 овци кои ги чувале по триесетина момоци.

***Традиционалната градска и селска архитектура***

Кривопаланечкиот регион содржи богат фонд на сочувани примероци од градителското наследство. Најголем дел се однесува на селски и градски куќи, како градби со одредени архитектонски вредности и локални карактеристики на градбите. Ова претставува солидна подлога за примена на традиционалните градби во туристички развој на пределот, односно заштита на куќите и нивна адаптација во сместувачки капацитети од различен вид, со понуда од сочувана природа и сите видови на активен туризам кои таа ги овозможува.

***Рурални населби со изразени антропогени карактеристики***

*Станци* - Посебен куриозитет во Кривопаланечко претставува селото

Станци кое има услови да се претвори во вистинско етно-културно село. Во ова село најмногу е задржан традиционалниот начин на живеење, старите занаети, а природното опкружување го издвојува од останатите туристички локалитети.

Селото Станци се наоѓа на 6 километри југоисточно од Крива Паланка, во изворишниот дел на Станечка река и нејзината десна притока Козја Река. Тоа претставува пријатно место со прекрасен етно амбиент, со куќи изградени во традиционална архитектура. Во селото сеуште се функционални валавниците, постарите жени се уште носат традиционална носија и живеат на традиционален начин. Туристите овде можат да дегустираат храна (баница под вршник, качамак, кисело млеко) приготвена на традиционален начин, а можат да престојуваат и во куќите на гостопримливите селани.

*Трново* - Селото Трново се наоѓа на 15км североисточно од Крива Паланка. Во селото се наоѓа старата црква Св. Никола од 16 век, во чија близина се наоѓа Парохискиот дом, кој што нуди услови за акомодација на гости. Овде се наоѓаат уште два објекти, старото училиште и задружниот дом, кои што со мали преадаптации, можат да бидат ставени во функција на туризмот.

Посебно атрактивни се и селските населби Градец, Костур, Кркља, Б'с и Мождивњак, каде со адаптација на селските куќи ова подрачје може да стане вистинска оаза на селската идила. Уживање и задоволство може да им пружи преку нивното вклучување во извршувањето на вообичаените селски работи, приготвувањето на автентичните специјалитети и изработка на традиционални ракотворби.

### *Традиционални занаети и храна*

Негувањето и развојот на традиционалните кривопаланечки занаети и традиционалната автентична храна, можат значајно да придонесат во комплетирањето на репрезентативната туристичка карта на Крива Паланка. Меѓу атрактивните занаети кои се задржале до денес посебно се издвојува килимарството, грнчарството, воденичарството, валавичарството итн., кои доколку бидат ставени во функција, особено со директно учество на туристите во нивното производство би понудило едно несекојдневно доживување на посетителите.

*Стара воденица и валавница во с. Станци* **-** Воденичарството и валавичарството се уникатни занаети кои имаат долга историја во Република Северна Македонија. Овие занаети се атракција за посетителите на село Станци, Крива Паланка. За жал овој тип на занает изумрел со текот на годините и се единствени останати во Криво Паланечкиот регион. Ткаењето со валање јамболии и мелењето жито се традиција кај македонскиот народ.

Од атрактивната традиционална храна која се задржала до денес посебно се издвојува производството на симид (мали лебчиња, подготвувани на посебен начин во специфични форми) и сарамскалија (баница со овче млеко и кромид).

## *Традиционални културни настани и манифестации*

### *Меѓународна ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски"*

Во 1987 година со одлука на Митрополитот Полошко-кумановски Господин Кирил е формирана Меѓународната ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски". Денес оваа ликовна колонија работи под патронат на манастирот и е помогната од Министерството за култура. За повеќе од дваесет години успеа да собере над двесте познати имиња од светот на уметноста од сите континенти, при што се

создадени над петстотини ликовни дела. Колонијата традиционално се одржува секоја година од 5-ти до 20-ти септември, во конаците на манастирот. Учесниците во работата на ликовната колонија ги поканува Советот на колонијата. Секој поканет учесник должен е да остави две дела за збирката на колонијата, во договор со организаторот. Делата настанати во колонијата традиционално се излагаат секоја година.

***Фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски"***

Фолклорниот фестивал „Свети Јоаким Осоговски" е фестивал со меѓународен карактер и се одржува на 28-ми и 29-ти август во Крива Паланка.

***Меѓународен театарски фестивал "Свети Јоаким Осоговски"***

Општина Крива Паланка во соработка со Центарот за култура и манастирот Св. Јоаким Осоговски, во рамките на своите програмски определби за промоција на потенцијали преку развој на културата, организира Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски". Фестивалот се одржува традиционално секоја година од 15-ти до 22-ри септември. Првото фестивалско издание беше во 2009 година.

***Пивтијада***

По повод чествувањето на големиот христијански празник Богојавление - ВОДИЦИ, Општина Крива Паланка ја организира манифестацијата „ПИВТИЈАДА". За прв пат манифестацијата е организирана 2010 година. Настанот се одржува на 19-ти јануари на плоштадот во Крива Паланка, по завршување на церемонијата на фрлање на крстот во водите на Крива Река.

***Невестинското поклонение на св. ТеодорТирон***

Во село Конопница кое буквално е споено со градот, постои традиција која е возобновена пред неколку години а тоа е поклонение на св. Теодор Тирон. Снаите и свекрвите секоја година на Тодорица која се паѓа во февруари или март, доаѓаат во црква св. Теодор Тирон на поклонение да добијат благослов за семејството. Услов да се присуствува е млада невеста да склучи бракот меѓу двете Тодорови саботи. Во рамка на оваа манифестација се бира и најдобра ракија и најдобар посен зелник.

Во Крива Паланка се одржуваат неколку спортски настани, меѓу кои најпознати се спортските настани за планинарење и искачување на околните врвови. Најпознати спортски настани во Крива Паланка се:

***Тромеѓа***

Традиционална средба на тромеѓата на граничната линија помеѓу Македонија, Србија и Бугарија, во атарот на с.Голеш, која што се одржува на 12-ти јули (Петровден). Средбата е во организација на планинарските друштва од трите општини Крива Паланка, Босилеград и Ќустендил што гравитираат на граничната линија, и е со учество на организации, установи и локални власти од трите страни.

***Трансверзала Царев Врв***

ПСД РУЕН, традиционално секоја година, во втората половина на јуни, ја организира транверзалата Царев Врв, односно искачувањето на Царев Врв. Трансверзалата започнува од Крива Паланка, преку манастирот Св.Јоаким Осоговски оди кон месноста Љуљки, па Света Вода, Тошино боиште, ПТЦ Калин Камен, врвот Калин Камен, Алтан Чешма и до врвот Царев Врв.

***4М***

ПСД Руен, веќе неколку години по ред, во месец мај, е организатор на меѓународната планинарска трансверзала 4М. Планинарската патека претставува дел од меѓународното поврзување со планинарски (tracking) патеки (според легендата од 11 век) на четворицата духовни браќа, пустиножителите Св.Јоаким, Св.Јован, Св.Прохор и Св.Гаврил. Патеката започнува од манастирот Лесново (Пробиштип), а завршува во Осоговскиот манастир (Крива Паланка).

***Руен***

Традиционално искачување на највисокиот врв на Осоговските Планини, Руен (2252 метри надморска височина).

Искачувањето се организира во првата половина на месец септември, а организатор е исто така ПСД Руен. Искачувањето на Руен се одвива со вадења на дозвола, поради тоа што врвот е лоциран на граничната линија помеѓу Македонија и Бугарија.

***Меѓународен турнир во пинг-понг***

Турнирот се одржува на 8 октомври по повод ослободувањето на Крива Паланка. На турнирот учествуваат најдобрите играчи до 18 години од балканските земји. Ова е една од најголемите спортски манифестации во регионот која според својот квалитет и масовност секоја година добива се поголема афирмација.

***Рели „Калин Камен"***

Спортска манифестација Рели „КАЛИН КАМЕН" се одржува традиционално на 24 мај во чест на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј. Манифестацијата има ревијален карактер и се одржува под мотото „Да ги запознаеме убавините на Осоговските Планини". Должината на патеката е 64 километри, 80 отсто од патеката е неасфалтиран пат, висинската разлика е 1.500 метри со највисока точка Царев Врв (2.085 метри надморска височина). Патеката започнува на плоштадот во Крива Паланка, поминува низ прекрасните предели на Осоговските Планини, а се се протега низ следниве предели: Крива Паланка - Мождивњак - Острец - Бари - Костадиница - Бабина чешма - Царев врв (2085м) - Алтн чешма - Калин Камен - Езеро - манастир „Св. Јоаким Осоговски" - Крива Паланка. Манифестацијата е во организација на Општина Крива Паланка и Здружението на граѓани Авто мото клуб „Офф Роад Осогово".

***Манифестација "Шопска софра"***

"Шопска софра" е годишна манифестација која со одржува во Крива Паланка со цел да се сочува локалното гастрономско богатство. Се документираат традиционалните рецепти и голем акцент се дава на помладите генерации на кулинарски вештини на подготовка на традиционални јадења од Осоговијата и пошироко од Шопскиот регион. Манифестацијата се одржува на 8-ми Октомври, денот на ослободувањето на Крива Паланка. Меѓу најпознатите гастрономски специјалитети се издвојуваат ''Кривопаланечки симит'', ''Сарамсаклија'', Паланечка пастрмајлија'' и многу други. Специјалитетите кои се приготвуваат за манифестацијата ''Шопска софра'' во голема мера се зависни од локалното поднебје како во поглед на намирници, нивно одгледување, берба, традиционален начин на сушење, чување, складирање, конзервирање и секој од овие процеси има значително влијание во финалната подготовка на традиционалните јадења.

***Манифестација "All the colours of Jazz или Сите бои на џезот"***

All the colours of Jazz или Сите бои на џезот е манифестација која од 2017 година се одржува секој септември. Организатор на манифестацијата е "Центарот за аудиовизуелни уметности", чиј концепт се џез концерти и создавање на уметнички дела кои се подаруваат на Градскиот музеј со што се создава богата колекција на модерна уметност. Се оддржува на разни локации во Крива Паланка со уметници од земјата и странство.

***Музички фестивал “Џојфест”***

**“Џојфест”** е музички рок фестивал кој се одржува на крајот на август секоја година како дел од многубројните активности кои се посветени на заштитникот на градот Св. Јоаким Осоговски. Досега фестивалот брои 8 изданија и голем број музички звезди кои настапувале како на пример: Бајага и Инструктори, Бени, Ептен, Фулиш Грин, Кокуеринг лајон, Нокаут, Суперхикс, Ален исламович со бендот Кад би био Бјело дугме, Ај Кју, Ареа, Ван Гог, Рибја Чорба, Тамара Тодевска, Игор Џамбазов, Тони Зен, Влатко Стефановски и многу други. Организатори на овој настан се Организациониот одбор на фестивалот и Општината Крива Паланка.

***Детски музички фестивал „Распеано Симитче “***

**„Распеано Симитче “**е детски музички фестивал кој за цел има да се промовираат најмладите музички таленти од Кривопаланечко. Има традиција повеќе од 2 децении, а е успешно возобновена пред неколку години. Голем дел од песните се вистински хитови кои фестивалот ги издава во форма на CD за да овозможи нивно преслушување и по самиот фестивал. Манифестацијата традиционално се одржува кон крајот на годината (ноември-декември), а организатори се Центарот за аудио-визуелни уметности во соработка со општината Крива Паланка и НУ Центарот за култура Крива Паланка.

***Меѓународен детски фестивал “Паланечка тројка”***

“Паланечка тројка” е детски фестивал кој го добил своето име по истоименото автентично оро од овој регион. Целта на овој фестивал е да се развие љубовта кон фолклорот кај најмладите, да се научи како да се негува и одржува, и да се презентира во земјите во странство. На овој фестивал има учесници на детски фолклорни групи од нашата земја и од странство на возраст од 9 до 14 години. Манифестацијата започнува со дефиле низ градот и надигрувањето на групите и амсамблите на плоштадот “Карпошово востание”.

Оваа манифестација се одржува летниот период од годината, некаде средина на Јуни и е организирана од НУ Центар за култура Крива Паланка.

Во табела бр.12 е даден календар на традиционални културни настани и манифестации:

*Табела бр. 12 Календар на традиционални културни настани и манифестации*

| **Календар на<br>Традиционални културни настани и манифестации** | |
|---|---|
| **Назив** | Време на одржување |
| **Меѓународна ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски"** | Септември |
| **Фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски"** | Август |
| **Меѓународен театарски фестивал "Свети Јоаким Осоговски"** | Септември |
| **Пивтијада** | Јануари |
| **Невестинското поклонение на св.Теодор Тирон** | Февруари или март |
| **Тромеѓа** | Јули |
| **Трансверзала Царев Врв** | Јуни |
| **4М** | Мај |
| **Руен** | Септември |
| **Меѓународен турнир во пинг-понг** | Октомври |
| **Рели „Калин Камен"** | Мај |
| **Манифестација “Шопска софра”** | Октомври |
| **Манифестација “All the colours of Jazz или Сите бои на џезот”** | Септември |
| **Музички фестивал “Џојфест”** | Август |
| **Детски музички фестивал „Распеано Симитче “** | Ноември или декември |
| **Меѓународен детски фестивал “Паланечка тројка”** | Јуни |

Овој календар има за цел да се искористи за промотивни цели, за да се привлечат поголем број на туристи на четиридневни тури, со што би биле посетени секој ден по една туристичка зона, и еден ден да биде предвиден за самиот настан.

## *Угостителски капацитети*

### *Манастирските конаци на Свети Јоаким Осоговски*

Манастирот Свети Јоаким Осоговски со своите сместувачки капацитети за престој и условите што ги нуди, е еден од најопремените и најдобро уредени манастирски комплекси во земјата и е пример за манастирски туризам според најсовремени стандарди. Манастирскиот комплекс располага со капацитет од околу 130 современо опремени легла, од кои 50 се во Стариот конак, а другите се апартмани во Новиот гостински конак.

### *Хотел Манастир*

Располага со вкупно 95 легла, распоредени во двокреветни, трокреветни и четирикреветни соби и два апартмани. Сите соби и апартмани располагаат со wi-fi

конекција, кабелска телевизија и сопствени купатила. Сместувањето во хотелот може да биде на база на ноќевање или ноќевање со појадок.

***Мотел-ресторан вила Лула***

Мотел-ресторан вила Лула, се наоѓа на неколку минути од центарот на градот Крива Паланка во насока на граничниот премин Деве Баир, лоциран во мирен дел во подножјето на Осоговските планини. Мотелот располага со една двокреветна, една трокреветна и две соби со француски лежај.

***Вила Ана Марија***

Вила Ана Марија се наоѓа во с.Дурачка Река, на околу 4км оддалеченост од Крива Паланка. Овој приватно сместувачки објект располага со 10 двокреветни и трокреветни соби. Има сопствен паркинг простор, летниковец и продавница.

***Комплекс Трновски ветар, во село Трново***

Комплексот Трновски ветар се наоѓа во селото Трново, на околу 9км оддалеченост од Крива Паланка. Располага со 8 соби, 4 бунгалови, базен, паркинг а во негови рамки функционира и традиционален ресторан. Комплексот има и детско игралиште.

***Етно гостилница Воденица 3***

Општина Крива Паланка може да се пофали и со еден прекрасен етно ресторан, Воденица 3, кој е еден од најпосетените во моментот и е лоциран на двата брега на Дурачак Река т.е. реката минува низ средина на ресторанот, на само 2км од градот, во село Дурачка река. Тој располага со 3 прекрасни комплекси пригодни за секаков вид свечености.

***Рибен ресторант Да-бо***

Рибниот ресторан Да-бо се наоѓа на патот од Крива Паланка кон македонско-бугарската граница (Деве Баир). Овој угостителски објект располага со сопствен рибник каде што се подготвува свежа риба и традиционална храна. Објектот располага и со мал сместувачки капацитет за ноќевање, а автентичниот амбиент е дополнет и со мала зоолошка градина во која се чуваат пауни, зајачиња, кози, свињи, па дури и една срничка.

***Комплекс ресторан Ранч***

Комплексот Ранч е место во кое можете да уживате во чист воздух, пријатен амбиент и вкусни специјалитети. Комплексот располага со 7 хектари етно амбиент, традиционална музика и забава за сите возрасти. Погоден е за секаков вид свечености, нуди вили за престој, зоолошка градина, езеро и патеки за прошетки. Се наоѓа во општина Ранковце на трасата кон Крива Паланка, на само 40 км од Куманово и 70 км од Скопје.

Традиционална македонска храна може да се вкуси и во ***Ресторан Авлија, Ресторан Борче, Ресторан Облаче*** итн.

## *Спортски капацитети*

### *Спортски комплекс*

Спортскиот комплекс го сочинуваат градскиот стадион, спортската сала, повеќенаменско игралиште, атлетска стаза, скеит борд парк, тениско игралиште и други спортски содржини. ***Градскиот Стадион*** – е изграден во 1950 година. На овој стадион во минатото играла екипата на ФК Осогово. Првата топка во Крива Паланка е донесена во 1923 година, а во 1932 година е формиран спорсткиот клуб Караѓорѓе, за да по ослободувањето се преименува во ФК Осогово. Во седумдесетите и осумдесетите години во Крива Паланка постоеле и општинска фудбалска лига со десетина фудбалски клубови.

### *Градски Базен*

Градскиот базен се наоѓа во близина на Градскиот стадион. Изграден е во педесетите години. И денес преставува добра рекреација на младите кривопаланчани во топлите летни денови. Во рамките на базенот во летните месеци работи и ресторан.

Општина Крива Паланка располага и со велосипедско-ролерска патека, мини голф игралиште и финтес зона на отворено.

## *Туристички зони*

Густината и територијалната разместеност на туристичкиот потенцијал во рамките на Општина Крива Паланка, не е насекаде подеднаков, што отвора можност за формирање на различни туристички зони.

Туристичка зона е област што се состои од туристички места кои се тесно поврзани меѓу себе врз основа на природните или антропогените атрактивности. Туристичките зони се дизајнираат со цел овозможување на подолг престој на туристите (повеќе од 2 ноќевања) преку заедничката соработка на нејзините туристички места, се со една поголема цел а тоа е да се зголеми и подобри атрактивноста на самиот регион. Всушност, преку ваквата туристичка регионализација треба да се изнајдат начини како рационално да се искористат природните и антропогените фактори на одделни простори и како да се дефинира нивната содржина, намена и видовите на туризам што треба да се развиваат во нив.

Во рамките на општина Крива Паланка како туристичка дестинација, а на основа на претходно направена соодветна анализа и инвентаризација на туристичките ресурси, идентификувавме четири можни туристички зони. Овие зони се меѓузависни единици, кои заедно ја креираат туристичката дестинација Крива Паланка.

*Табела бр. 13*– Туристички зони и локалитети

| | **ТУРИСТИЧКА ЗОНА** | **ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ** | **АТРАКТИВНО-РЕКРЕАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ** | **ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Градско подрачје Крива Паланка** | ***Крива Паланка – централно градско подрачје*** | • Местоположба<br>• Карактеристична архитектура<br>• Стари занаети<br>• Градскиот бедем | • Културен туризам<br>• манифестационен<br>• шопинг туризам<br>• транзитен туризам |
| | | ***Манастир Св. Јоаким Осоговски***<br><br>***Градски Музеј - Крива Паланка,*** | • Амбиентална местоположба<br>• Свето место<br>• Архитектонски раритет<br>• Уникатен фрескоживопис | • Манастирски туризам<br>• Етно-културен туризам<br>• Манифестационен туризам<br>• Летен стационарен туризам<br>• Излетнички<br>• Екскурзионо-едукативен |
| **2** | **Осоговски Планини** | ***Калин Камен*** | • Местоположба<br>• Атрактивни пејсажи<br>• Разновиден растителен и животински свет<br>• Планинска клима | • Спортско рекреативен туризам<br>• Летен туризам<br>• Излетнички туризам<br>• Ловен туризам<br>• Сафари туризам |
| | | ***Царев Врв*** | • Местоположба<br>• Погодни терени за зимски спортови<br>• Атрактивни пејсажи<br>• Разновиден растителен и животински свет | • Спортско рекреативен туризам<br>• Зимски туризам<br>• Излетнички туризам<br>• Ловен туризам<br>• Сафари туризам |
| **3** | **Славиште со Биљино** | ***Славиште со Биљино*** | • Атрактивни пејсажи<br>• Разновиден растителен и животински свет | • Ловен туризам<br>• Културен туризам<br>• Излетнички туризам<br>• Спортско рекреативен туризам<br>• Сафари туризам |
| **4** | **Деве Баир** | ***Деве Баир*** | • местоположба | • шопинг туризам<br>• транзитен туризам |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | • казино туризам |

Идентификуваните зони се:

***Градското јадро - центарот на градот Крива Паланка***, каде се сконцентрирани поголемиот број на културни ресурси и атрактивности и **Манастирот Св. Јоаким Осоговски.** Крива Паланка е мал, мирен и живописен град, кој се карактеризира со богато наследство, историја и традиција, автентична архитектура, тесни улици и гостопримливо население. Објектите кои се наоѓаат во старата градска чаршија во Крива Паланка и останати автентични објекти можат да бидат искористени во насока на туристичка промоција на градот и околината, пред се, во културниот туризам. Тука секако е и манастирот Св. Јоаким Осоговски кој претставува неодминлива туристичка атракција при посетата на градот Крива Паланка. Овој манастир е еден од најкомерцијалните манастирски комплекси во Република Македонија, кој нуди најдобри услови за престој на туристи.

Градското јадро на Крива Паланка го гледаме, како исклучително привлечна зона, меѓутоа, во моменталната состојба во која се наоѓа таа е помалку конкурентна заради несоодветната заштита на културното богатство, недостатокот на соодветна инфраструктура, недоволниот квалитет на услуги и на понудени содржини и сл.

***Зоната на Осоговските планини*** ја оценуваме како високо атрактивна зона со многу привлечни туристички ресурси. Осоговските планини, со прекасните природни убавини (релјеф, клима, вода, растителен и животински свет), архаичните селски населби, како и богатите културно-историски вредности, имаат голем туристички потенцијал. Тие претставуваат квалитетен простор за развој на туризмот, а големата мотивска хетерогеност дава можност за развој на повеќе видови на туризам.

Оваа зона дава најголеми можности во однос на развојот на туризмот, поради што треба дополнително и соодветно туристички да се валоризира, со што ќе се развие и дополни понудата на туристички производи и програми во целиот регион.

Како помалку конкурентна ја гледаме ***зоната на Биљино со Славиште.*** Овој простор е погоден пред сѐ за излетничко-екскурзионен туризам, спортско-рекреативен туризам (рекреативно планинарење, панорамско разгледување од повисоките врвови, пешачење, планински велосипедизам, џип сафари), ловен туризам и др.

Посебен акцент овде треба да се стави и на археолошкото богатство кое го има во оваа зона, особено во регионот на Славиште. Археолошките локалитети овде се многу малку истражени и кај најголем дел од нив определен е само видот (категоријата) и хронолошката рамка. Единствено овде ќе го спомeнеме

локалитетот Градиште кој се наоѓа на 8 километри северозападно од Крива Паланка во непосредна близина на селото Градец. Претставува доцноантички кастел и значаен контролен пункт каде што се вкрстувале две значајни сообраќајници од антиката: патот Хераклеја – Стоби - Пауталија и патот Скупи - Пауталија. На локалитетот евидентирани се населбински фази од праисторијата, доцната антика, рановизантискиот период и средниот век.

Неразвиеноста на инфраструктурата и квалитетот на туристички објекти има круцијално влијание врз конкурентноста на туристичката зоната, па затоа овој простор го гледаме како ниска конкурентна зона.

***Деве Баир*** – е месност на која се наоѓа истоимениот главен и најголем граничен премин на македонско - бугарската граница, на оддалеченост од 22 километри од градот Крива Паланка. Местото се нарекува уште и Рамна Нива. Засега ова подрачје не располага со туристичка инфраструктура, меѓутоа доколку се направат одредени инфраструктурни зафати овој простор може да претставува интересен туристичко транзитен центар.

## *VII. ВИДОВИ НА ТУРИЗАМ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПРЕДЛОГ ТУРИСТИЧКИ ПАКЕТИ*

Општина Крива Паланка има одлични предиспозиции за развој на квалитетен туризам. Оваа област располага со разновидни форми кои претставуваат погодна основа за развој на повеќе видови на туристички облици. Врз основа на анализата на потенцијалот со кој располага општина Крива Паланка, произлегува дека можноста за туристички развој може да се види во развојот на следниве туристички производи:

1. Спортско-рекреативен туризам
2. Екотуризам
3. Селски туризам со агротуризам
4. Културен туризам
5. Транзитен туризам
6. Ловен туризам
7. Излетничко-екскурзионен туризам
8. Здравствен туризам

*Табела бр.14 Степен на приоритет за развој на различните форми на туризам*

| Вид на туризам | Степен на приоритет |
|---|---|
| **Спортско-рекреативен туризам** | *** |
| **Екотуризам** | *** |
| **Транзитен туризам** | *** |
| **Селски со агро туризам** | ** |
| **Културен туризам** | ** |
| **Ловен туризам** | ** |
| **Излетничко-екскурзионен** | ** |
| **Здравствен туризам** | * |

*** висок приоритет за развој
** среден приоритет за развој
* низок приоритет за развој

***Спортско-рекреативен туризам.*** Спортско - рекреативните содржини во туризмот денес претставуваат сè посилен фактор на туристичката понуда и побарувачка.

Осоговските Планини кои располагаат со разновидни форми: планинските врвови, благите падински страни, поволните климатски услови итн., се карактеризираат со висок туристички потенцијал и претставуваат погодна основа за развој на повеќе видови на активен туризам, како планинарење, трекинг, планински велосипедизам, параглајдинг итн. Меѓутоа можностите кои постојат во однос на планинскиот туризам, сеуште не се максимално искористени. Перспективата за развој на планинскиот туризам на Осоговските планини, треба да се насочи кон авантуристичките и други рекреативни активности кои произлегуваат од благодетите кои ги нуди еден ваков простор.

На Осоговските планини постојат повеќе локации за можен иден развој на зимски спортови и зимски туризам. Орографијата на теренот е со мошне погодна конфигурација во одделни простори што овозможува отварање на квалитетни скијачки патеки, меѓутоа за развојот на овој вид на туризам потребни се големи вложувања во соодветна инфраструктура.

Ако се размислува за заживување на туризмот во проучуваниот простор, со акцент на планинскиот туризам, нужно е превземање на конкретни активности кои ќе дадат насока во која би се развивал туризмот, и тоа:

- изградба на нова и подобрување на постоечката инфраструктура;
- поставување на инфо табли;
- создавање на промотивна стратегија која ќе го промовира планинарењето и останатите спортови за кои постојат услови за изведување (трекинг, планински велосипедизам, и сл);
- маркирање на сите планинарски патеки, поставување на соодветна сигнализација;
- изградба на планинарски домови;
- зголемување на бројот на организирани тури за искачување и совладување на планинските врвови, и др.

***Екотуризам*** – Екотуризмот претставува еколошки одговорно патување и посета на релативно зачувани области со цел уживање во природата (и придружните културни карактеристики – и од минатото и од сегашноста), унапредување на заштитата на природата, преку малото негативно влијание на посетителите. Во општина Крива Паланка преку екотуризмот може да се види можноста за дизајнирање на бројни тематски едукативно-еколошки патеки. Ваквите едукативни патеки, би имале должина од 2-4 км и би биле опремени со едукативни табли, места за одмори и места за набљудување и логорување. Најчести

посетители на ваквите патеки би биле студентите, учениците и вљубениците во природата.

***Транзитен туризам*** – Сообраќајно - географската положба на општина Крива Паланка е особено поволна, со оглед на тоа што се наоѓа на европскиот Коридор 8, односно на еден од најважните магистрални правци во нашата земја. Исто така, Крива Паланка се наоѓа на само 22 км од најважниот граничен премин кон Република Бугарија и со тоа градот го добива епитетот на транзитна населба од големо значење. При тоа, како е до сега воочено, најчесто оние странски патници кои поминуваат оттука ги користат само некои од угостителските објекти кои ги има овде, а кои не се во голем број, или пак, купуваат роба, која во нивната земја е поскапа или пак дефицитарна. Овие движења, пред сè, немаат туристички карактер, меѓутоа со подобро осмислување на туристичката понуда, патниците во транзит можат да бидат насочени кон користење на некои од туристички услуги и производи. Во таа смисла, потребно е да се спроведат низа активности кои ќе бидат насочени кон пропагирање на оние вредности што можат да бидат интересни за овој вид на патници. По правило, транзитните патници не сакаат многу да се оддалечуваат од главните патишта, што значи дека токму овде треба да се формира соодветна понуда. Покрај сообраќајниците би се изградиле:

- Транзитни и пунктови за одмор со етно содржини;
- Угостителски и шопинг објекти;
- Промотивни активности (изработка на карти, пропагандно – информативни летоци и слични промотивни материјали);
- Дополнителни туристички услуги поврзани со културниот, екотуризмот, ловниот туризам и сл.

***Селски туризам со агротуризам*** - Руралните населби во општина Крива Паланка имаат добри предиспозиции за развој на селскиот туризам. Природните потенцијали на околината како и зачуваните архитектонски и етнографски единици, сочуваните обичаи и манифестации, претставуваат добра основа за развој на оваа форма на туризам. Сепак, моменталната состојба во која се наоѓаат селата е дека покрај тоа што тие се автентични и единствени по архитектурата на куќите, тие се слаби и неадаптирани за туристите во однос на инфраструктурните услови. Поради тоа потребно е да се разработи план за нивно ревитализирање и преадаптирање.

Непосредниот допир со природата, традиционалните обичаи и селското стопанство претставуваат посебен потенцијал за развој на селскиот - агротуризам. Селските домаќинства, тајните на селскиот живот и авантурите кои може да се доживеат привлекуваат се поголем број на туристи. Посебно атрактивни се селските населби Костур, Кркља, Варовиште и Бс бидејќи нивната дирекна

поврзаност со локалитетот Калин Камен има компаративна предност и идеална врска меѓу манастирскиот, селскиот и планинскиот туризам.

Потенцијални туристички населби се и рамничарските села долж течението на трите реки Крива, Дурачка и Киселичка река.

Исто така, еден од начините на кои овие видови на туризам можат да се развијат е со поврзување на туризмот и земјоделството преку производството на здрава храна. Понудата на традиционална храна направена со локални производи, не само што им дава на посетителите специфично и карактеристично искуство, во исто така, и помага на руралната економија и зачувувањето на традицијата.

За жал, општата проценка за сегашниот развој на овој вид на туризам овде е дека тој сѐ уште е во повој. Недостаток е квалитетно сместување, недоволно информирана популација во бизнисот со руралниот туризам и малиот степен на вклученост на придружните ресурси (на пр. споменици на културата, природни вредности, недостаток на тематски културни патеки) негативно влијае на развојот на овој вид на туризам.

Интензивирањето на развојот на селскиот и агротуризмот подразбира преземање на активности со кои ќе се овозможи создавање на основни предуслови. Во оваа смисла неопходно е да се пристапи кон следниве чекори:

- Унапредување на туристичката инфраструктура
- Адаптација на куќите во планинските села за понуда на сместување и храна и пијалоци;
- Активирањето на традиционалните земјоделски и сточарски дејности и нивно ставање во функција на збогатување на програмите кои ќе се составуваат како дневни туристички содржини;
- Поттикнување на традиционалното и услужното занаетчиство, како и сопствено производство на храна и пијалаци;
- едукација на населението - носител на туристичката дејност, преку семинари и обуки; и сл.

***Културен туризам*** – Културниот туризам претставува специфична форма на туризам која ги опфаќа туристичките патувања мотивирани од културни интереси кои вклучуваат посета на историски локалитети и споменици, музеи и галерии, фестивали, традиционални занаети, како и од начинот на живот во заедниците.

Крива Паланка со своите културно - историски потенцијали (археолошки локалитети, сакралното наследство, традиционалните занаети и фолкорот) има реални можности за развој на културниот туризам. Локалитетите од културно-историското наследство, кои се значајни за развој на туризмот во општина Крива Паланка, покрај тоа што сведочат за историјата и традицијата на општината, претставуваат и потенцијал за создавање на една сеопфатна понуда за културен

туризам. Иако, повеќето од нив се во лоша состојба или пак не се достапни, со иницирање на процес за нивно сочувување, заслужуваат да бидат одржани и повторно искористени во насока на промоција на градот и околината.

Во поглед на културно-традиционалните ресурси, може да се каже дека општина Крива Паланка има релативно солиден репертоар на локални манифестации од кои некои во последниве неколку години прераснале во традиционални настани. А исто така, негувањето и развојот на традиционалните кривопаланечки занаети можат значајно да придонесат во комплетирањето на репрезентативната туристичка карта на Крива Паланка.

За жал, досегашното искуство во користењето на културното наследство во регионот за туристички цели укажува на пасивност и негрижа. Она што треба да се преземе како мерки за понатамошен развој на културниот туризам е

- сочувување и реконструкција на поедини објекти;
- нивно ставање по заштита на општината;
- интегрирање на културните атрактивности во останатите туристички понуди за просторот;
- зголемена промоција на културното богатство на просторот преку средствата за информирање; и сл.

***Ловен туризам*** – Ловниот туризам може да претставува многу атрактивен сегмент во туристичката понуда на Општина Крива Паланка, особено за странскиот пазар. Поради местоположбата на општината и близината до Република Бугарија овој вид на туризам може да биди еден од најпрофитабилните. За да се постигне таа цел, потребно е да се насочат активностите кон

- зголемување на фондот на дивеч,
- подобрување на условите на живеалиштата,
- уредување на ловиштата,
- градење на капацитети за сместување (ловечки куќи) и
- засилен промотивен настап на странскиот пазар, и сл.

***Излетничко-екскурзионен туризам*** - Излетничко-екскурзиониот туризам е најраспространетиот и најстариот вид на туристички движења на подрачјето на општина Крива Паланка. Тоа ги вклучува движењата на посетителите кон излетничките местата кои се на Осоговските планини и Биљино. Овие движења се најчесто полудневни и дневни, а најголем број од учесниците во овој вид на туризам се жителите на Крива Паланка и околните места.

***Здравствен туризам*** – Овој вид на туризам е слабо развиен иако овој простор се карактеризира со мошне пријатна клима, што дава можности за негов

развој. Поволните климатски услови се изразуваат низ распоредот и видот на врнежите, поволната микроклима и инсолацијата, доволниот број на сончеви денови и малиот број со магли и силни ветрови.

Поради чистиот воздух и пријатната клима, Крива Паланка и Осоговските планини можат да станат омилено место на спортски тимови кои се подготвуваат за големи натпреварувања на бројни полиња, како и рекреационисти кои сакаат активно да го поминат годишниот одмор.

Во рамки на Здравствениот Дом во Крива Паланка функционира современ центар за хемодијализа Др. Георги Мазаковски, со кој во моментот раководи фирмата Диамед Македонија.

Истиот може да биде ставен и во функција на подолг престој на туристи од државата кои имаат потреба од хемодијализа и кои поради болеста не може подолг период да отсуствуваат од своите домови. Воедно Осоговието со чист планински воздух е идеално место и за воздушна бања.

# VIII. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Изобилието на природни и културни убавини и предуслови се најголемиот потенцијал на Крива Паланка за развој на туризмот. Атрактивните планински предели на Осоговските Планини и сочуваната архитектура на повеќето рурални подрачја нудат огромни можности за инвестиционен развој во туризмот со цел постигнување на значајни економски ефекти.

Крива Паланка се наоѓа во процес на создавање на база за развој на туризмот, како модерна гранка, која се наметнува како одржлива форма, ако се земе во предвид потенцијалот, со кој располага ова подрачје.

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Крива Паланка има за цел да го мапира идниот туристички развој на регионот преку дефинирање на визијата, односно долгорочната цел која дава слика како сакаме да го видиме регионот после 2020 година.

Со цел да се дефинира ефективна стратегија за развој на туризмот, направена беше SWOT анализа на постоечките внатрешни влијанија - силните и слаби страни.

Исто така треба да се напомене дека сите силни и слаби страни се идентификувани преку директни консултации со сите вклучени засегнати страни во реализацијата на оваа стратегија.

## Визија

Визијата ја претставува посакуваната состојба на туризмот во општина Крива Паланка по 2020 година. Таа е една од клучните чекори за донесување на развојни одлуки во регионот и дава мотивирачка сила за имплементација на стратегијата.

Кривопаланечкиот регион треба да биде пример за одржлива туристичка дестинација обезбедувајќи рамнотежа помеѓу социо - економските вредности на локалните заедници и самата животна средина. Ова значи дека културното и природното наследство да не се уништува и да се чува за идните генерации, а со тоа да биде во функција на развојот на туризмот, занаетчиство, малите бизниси, привлекување на инвеститори, намалување на сиромаштијата и создавањето на нови можности за вработување во овој прекуграничен регион. Иако досега се сметаше дека Крива Паланка и Осоговскиот прекуграничен регион имаат улога на транзитна средина, сега имајќи предвид дека овој регион е богат со културноисториско наследство, како и одлични планински ресурси, оваа гранка треба да овозможи локален економски развој.

Визијата, всушност претставува патоказ за сите идни стратешки решенија и

оперативни интервенции. При дефинирање на визијата неопходно е да се земат во предвид резултатите кои произлегоа од извршените анализи на постојната состојба, географските и анализите на теренот, како и анализата на туристичкиот пазар. Визијата е дефинирана врз основа на елементите на:

- Регионална конкуренција
- Глобални туристички трендови
- Економски раст
- Поддршка на развојот на туризмот во Општина Крива Паланка

Оттука, визијата за општина Крива Паланка е таа да стане:

***Препознатлив и лесно достапен туристички регион со развиени автентични туристички производи, со подобри стандарди за работење и подобар квалитет на услуги, кои ќе ги почитуваат принципите на одржлив развој, а со тоа ќе прерасне во важен туристички бренд***.

### *Стратешки цели*

За таа визија да се исполни мора да се одредат стратешки цели кои ќе придонесат да се реализира таа визија:

1. Подобрување на туристичка инфраструктура
2. Унапредување и интензивирање на регионалната и прекугранична соработката со цел креирање на заеднички туристички продукт;
3. Унапредување на човечките ресурси и капацитети, преку поттикнувањето на развојот на локалниот бизнис сектор
4. Развивање на туристички бренд преку изработка и имплементирање на маркетинг стратегија за поголема видливост и препознатливост на дестинацијата;

*Табела бр.15 Стратешки цели, активности и проекти*

| **Стратешки цели** | | **Активност** | | **Проекти** | | **Индикатори за успех** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | **Назив** | **Ред. бр** | **Назив** | **Ред.бр** | **Назив** | **квалитативни** | **квантитативни** |
| **1** | **Подобрување на туристичката инфраструктура** | 1.1. | Идентификување на туристички локалитети | .1.1.1 | Поставување на ознаки и патокази за секој туристички локалитет | број на означени туристички локалитети | 12 |
| | | 1.2 | Поставување на дрвени куќарки за промоција на туризмот | .1.2.1 | Поставување на дрвени куќарки (штандови) за продажба на традиционална храна | број на поставени дрвени куќарки | 6 |
| | | 1.3 | Мапирање и уредување на камп зони | .1.3.1 | Мапирање и уредување на локации за кампери | број на камп зони | 1 |
| | | 1.4 | Инфраструктурно уредување | .1.4.1 | Расчистување и обезбедување на паркинг места околу испосницата на Св.Јоаким Осоговски | број на паркинг места | 20 |
| | | | | .1.4.2 | Поставување на жично греење за патека до Калин Камен | број на патеки | 1 |
| | | | | .1.4.3 | Уредување на патеки за пешачење со скии на Калин камен | број на петеки | 1 |
| | | | | .1.4.4 | Поставување на продавница за сувенири на Деве Баир | број на продавници | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | ***Унапредување и интензивирање на регионалната и прекугранична соработката со цел креирање на заеднички туристички продукт;*** | *2.1* | *Потпишување на меморандум за соработка* | *.2.1.1* | *Потпишување на меморандум за соработка со Р.Бугарија и Србија со цел креирање на заеднички трурустички проект* | *број на потпишани меморандуми* | *2* |
| ***3*** | ***Унапредување на човечките ресурси и сместувачките капацитети, преку потикнувањето на развојот на локалниот бизнис сектор*** | *3.1.* | *Унапредување на човечките ресурси* | *.3.1.1* | *Организирање на обуки за подигнување на свесноста на граѓаните за туризмот* | *број на обуки* | *1* |
| | | *3.2.* | *Унапредување на сместувачкит е капацитети* | *.3.1.2* | *Евидентирање на приватни сместувачки капацитети во единствен регистар* | *регистар* | *1* |
| ***3*** | ***Развивање на туристички бренд преку изработка и имплементирање на маркетинг стратегија за поголема видливост и препознатливост на дестинацијата;*** | *3.1.* | *Туристички бренд* | *.3.1.1* | *Изработка на маркетинг стратегија* | *маркетинг стратегија* | *1* |
| | | *3.2* | *Промоција* | *.3.1.2* | *Изработка на туристичка инфо табла* | *број на туристички инфо табли* | *2* |
| | | | | *.3.1.3* | *Поставување на промотивно-забавна табла за сликање со пејзаж од врвот руен во центарот на градот* | *Број на промотивно-забавна табла за сликање* | *1* |

## *Мисија*

Во иднина, неопходно е да се работи на креирање на општина Крива Паланка во препознатлив туристички бренд во која целите на заштитата на природата и развојот на туризмот ќе бидат усогласени и комплементарни. Туристичката понуда на општина Крива Паланка мора да содржи препознатливи, значајни и иновативни туристички производи со акцент на екотуризмот, спортско рекреативниот и руралниот туризам. Туристичките аранжмани кои ќе бидат понудени во рамките на оваа туристичката дестинација, да бидат збогатени и подобрени, додека туристичката сигнализација треба да одговара на потребите на туристите. Исто така, соработката помеѓу засегнатите страни мора да биде на високо ниво и особено во интерес на потребите на локалните заедници.

## *Акционен план за период 2020-2025*

Во следната табела е даден акциониот план за периодот 2020-2025 година. Во него се дадени проектираните буџети по години за секој проект одделно:

*Табела бр.16 Акционен план за период 2020-2025*

| **Проекти** | | **Временска рамка и буџет во евра** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр** | **Назив** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **Вкупен буџет** |
| .1.1.1 | Поставување на ознаки и патокази за секој туристички локалитет | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | 1000 | **6000** |
| .1.2.1 | Поставување на дрвени куќарки (штандови) за продажба на традиционална храна | 7000 | 7000 | 7000 | 7000 | 7000 | 7000 | **42000** |
| .1.3.1 | Мапирање и уредување на локации за кампери | | | 5000 | | | | **5000** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| .1.4.1 | Расчистување и обезбедување на паркинг места околу испосницата на Св.Јоаким Осоговски | | | | | 15000 | | **15000** |
| .1.4.2 | Поставување на жично греење за патека до Калин Камен | | | | | 5000 | 15000 | **20000** |
| .1.4.3 | Уредување на патеки за пешачење со скии на Калин камен | | 10000 | 10000 | | | | **20000** |
| .1.4.4 | Поставување на продавница за сувенири на Деве Баир | | | | 15000 | | | **15000** |
| .2.1.1 | Потпишување на меморандум за соработка со Р.Бугарија и Србија со цел креирање на заеднички труристички проект | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| .3.1.1 | Организирање на обуки за подигнување на свесноста на граѓаните за туризмот | 2000 | 2000 | 2000 | 2000 | 2000 | 2000 | **12000** |
| .3.1.2 | Евидентирање на приватни сместувачки капацитети | 2000 | 2000 | | | | | **4000** |
| .3.1.1 | Изработка на маркетинг стратегија | | 5000 | | | | | **5000** |
| .3.1.2 | Изработка на туристичка инфо табла | 3000 | 3000 | | | | | **6000** |
| .3.1.3 | Поставување на промотивно-забавна табла за сликање со пејзаж од врвот Руен во центарот на градот | 1000 | | | | | | **1000** |
| **ВКУПНО** | | **16000** | **30000** | **25000** | **25000** | **30000** | **25000** | **151000** |

## IX. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Поаѓајќи од сегашната состојба и објективно анализираните потенцијали кои општина Крива Паланка ги поседува, може да се заклучи дека туризмот овде претставува сеуште неразвиена стопанска гранка и покрај тоа што оваа општина има сè што му е потребно на еден современ турист. Исклучителните природни потенцијали, здравата храна, поволните климатски услови, како и богатото културно и историско наследство и традиционалното гостопримство, сеуште не се во доволна мера искористени.

Општина Крива Паланка, располага со голем број на предности благодарение на кои може да се позиционира како препознатлива дестинација во овој регион, но само доколку кон туризмот се пристапи стратегиски. Иако во последните години локалните власти во Крива Паланка се повеќе вложуваат во туризмот она што може да се заклучи е дека активностите кои во последните години се преземени се пред се насочени кон активна поддршка и афирмација на манифестациите кои традиционално се одржуваат, како и уредување и одржување на одредени излетнички места, но не и во активно креирањето на атрактивен и препознатлив туристички производ.

Оваа стратегијата нуди конкретни цели и активности, што би требале како идеја да се прифатат од страна на соодветните институции. Доколку на афирмацијата на туризмот во општина Крива Паланка се пристапи стратешки преку формирање на една единствена туристичка понуда за регионот, постои реална можност туризмот од неразвиена гранка на индустријата да стане значаен извор на приход за општината и нејзината популација. Поаѓајќи од фактот дека туризмот во општината е дефиниран како една од приоритетните економски активности, основните препораки на секторот вклучуваат определување на приоритетите во туристичката понуда, усогласување на нејзината структура и создавање и спроведување на една единствена визија за развој на туризмот.

Стратешките интервенции што треба да се спроведат во овој поглед ги вклучуваат следниве чекори:

- првенствено е неопходно да се евидентира имотната и правната состојба на просторот и објектите кои се од туристичко значење;
- да се ревитализираат постојните и да се изградат нови туристички објекти;
- во согласност со расположливиот буџет, потребно е да се модернизира постојната инфраструктурна мрежа;
- оптимално да се искористат потенцијалите кои во моментов се недоволно искористени;
- да се едуцира населението за потенцијалите од туризмот и неговите

ефектите за целата општина;

- стратегискиот развој на туризмот треба да биде поддржан со интензивно медиумско покривање на сите настани поврзани со туризмот во општината;
- да обезбеди постојана врска помеѓу давателите на туристички услуги и нивните корисници, односно да обезбеди поврзување на потенцијалните туристи со сите општински субјекти кои располагаат со туристичка понуда;
- да воспоставува контакти со домашни и странски инвеститори кои би инвестирале во развој на туризмот во општина Крива Паланка; итн.

## X.КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. *OECD Tourism Trends and Policies 2020, OECD Publishing, Paris,2020,* https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/6b47b985-en.pdf?expires=1594730018&id=id&accname=guest&checksum=53D52B7C37293B1C0D9D93665B9ABAE2
2. *OECD Tourism Trends and Policies 2018, OECD Publishing, Paris,2018,* https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/tour-2018-en.pdf?expires=1594730102&id=id&accname=guest&checksum=F107F3E811B846181A7A9D759D8C87CA
3. *European tourism; trends&prospects (Q1/2020), European Travel Commission,2020,* https://etc-corporate.org/uploads/2020/04/ETC-Quarterly-Report-Q1-2020_Final_6-May_Public.pdf
4. *Водич за традиционални културни манифестации во Општина Крива Паланка, Регионално здружение за развој на планинарење, алтернативен туризам и настани инспирирани од културата,Патник –Крива Паланка*
5. *Легенди,д-р Јордан Михајловски*
6. *Акционен план за развој на туризмот во СИПР 2011-2016, Центар за развој на Североисточниот плански регион, Куманово 2010*
7. *Квалитет на површинските води во сливот на Крива Река - Билтен за физичка географија, Скопје, Димитровска 0., Милевски И. (2005*
8. *Извештај за анализа и селекција на објекти од културно наследство во Североисточен регион на Република Северна Македонија, "Туризам кој придонесува за културното наследство во прекуграничниот регион Бугарија – Македонија", Март, 2020*
9. *Прекугранична стратегија за создавање на средина за развој на туризам, со поддршка за заштита на културното наследство, „Туризам кој придонесува за културното наследство во прекуграничниот регион Бугарија-Македонија", Јануари 2020*
10. *Стратешки план за развој на туризмот во СИПР 2011-2016, Центар за развој на Североисточниот плански регион, Куманово 2010*
11. *Студија за оптимално користење на природното богатство на СИПР во туристички цели, Центар за развој на Североисточниот плански регион, Куманово, 2010*
12. *Студија за оптимално користење на културно-историското наследство на СИПР во туристички цели, Центар за развој на Североисточниот плански регион, Куманово, 2010*
13. *Студија за валоризација за предлог-подрачјето за заштита „Осоговски планини" во категоријата „Заштитен предел", Македонско еколошко друштво, Скопје, 2019*
14. *Куманово, Кратово и Крива Паланка во странските патописи и документи. Куманово: Графотекс, Трајковски, П. (2005)*

*Користени линкови*

https://aboutdci.com/2019/11/trends-in-travel-and-tourism-2020/

https://www.macedonia-timeless.com/eng/cities_and_regions/cities/kriva-palanka/

https://srekja.mk/istrazhi-ja-kriva-palanka-povrzi-se-so-prirodata-zapoznajte-gi-bogatstvata-koi-gradot-gi-nudii-del-11/

https://storymaps.arcgis.com/stories/d96506258ea44cd38542f2fba01cf126

http://www.stat.gov.mk/

https://av.gov.mk/